СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**4-то ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20 АПРИЛ 1994 ГОД.**

т.2 АМАНДМАНИ ПО Предлог на закон за изменување и дополнување на З. за избор и отповикување на пратеници и одборници

Дискутанти :
1. АНДОВ СТОЈАН - 1..65, 86
2. АРСОВ ДРАГИ - 6, 9
3. АБДИ ФАИК – 29, 35
4. АЛИУ ХАМИД - 53
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 53, 54, 55
6. АЛИУ ЕШРЕФ - 60, 61, 62, 83, 85, 89
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 14
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 88
9. ЗИБЕРИ НАСЕР - 75
10. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 31, 34, 35, 39, 41
11. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 65
12. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 24, 85, 86
13. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 26, 38, 39
14. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 43
15. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 50
16. МАНЕВ ЕФТИМ - 72, 74
17. ПОПОВСКИ КИРО - 18 (води седница )
18. ПЕТРОВ ТОДОР - 15, 17, 58, 62
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 77, 82
20. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 56, 58
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 5, 21, 87
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 9, 11, 12.
23. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 28
24 . СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 36( министер на Влада) , 84
25. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 43, 45
26. ТРПЕВСКИ ДУШАН - 67, 71
27. ШАКИРИ ХИСНИ - 37, 38, 40, 42.

- седницата продолжува-

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од 4-тото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија,'1одржана на 20 април 1994 година**

Седницата започна со работа во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Јордан Бошко, Благоја Чкатровски, Симеон Наумовски и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Ве повикувам со едноминутно молчење да му одадеме почит на пратеникот Иван Иванов. (Слава му).

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менуваше на член 32 и за додавање нов член 45-а и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандмани на член 8, став 1 и 2 и на член 34 став 1 и 2.

Пратениците Томислав Стевковски и Стоиле Стојков поднесоа амандмани на член 16 став 2 и 5, член 21 на новиот член 33-а, член 2 и на член 34.

І/2 рд/вц

Пратеникот Стоиле Стојков поднесе амандмани на член 5 и за додавање нов член 8-а.

Пратениците Стоиле Стојков и Кирил Ковачевски поднесоа амандмани за додавање нов член 8-б, член 16 став 2 и за менуваше на член 37.

Пратениците Мухамед Халили, Насер Зибери, Ешреф Алиу и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 4 став 1 и на член 27 став 2.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на член 1, член 2 став 1 и за бришење на став 2. За менување на зборовите: "претставници на собранијата," односно "претставникот на Собранието", во членовите 3, 7, 8 став 3, 10, 16, 35, 37, насловот на глава X новите членови 66 и 68 став 1, 68-а и 68-б. Член 4 за бришење на став 2 и 3 за бришење на членовите 6, 11 и 12, член 16 став 2, за заменување на зборовите "претставници", односно "претставник" со зборовите: "пратеници, односно пратеникот" во членовите 14, 16 став 2, 21 во новите Членови 32, 33, 33-б, 35, 36, и 68-е, за бришење на зборовите: "односно општината, односно општинската". Во членот 37 и новите членови 68, 67-г, и за заменување на зборовите: "претставници, односно претставник, со зборовите "претставнички односно претставник" со зборовите "пратенички" односно "пратеник" . Во членовите 68-д и 68-ѓ и за додавање нов член 35-а со кој Владата не се произнела односно не се согласила.

Законодавно – правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 2, на член 4 став 1 и за додавање нов став 3 4 и 5 за бришење на член 9, член 10 став 1, член 11 и за додавање нов став по ставот 1. За менување на местата на членовите 14 и 15, член 16 став 1 и 4, член 18, член 19 став 3, член 21, член 25, член 31, член 34 став 3, член 37 став 2, член 31 и на член 35 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

І/3

Претставниците Насер Зибери, Мухамед Халили, Ештреф Алиу и Исмет Рамадани, поднесоа амандман на член 5 став 1, а пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски поднесоа амандмани за додавање нов член 3 3-а и за додавање нов член 22-а со кој претставникот на Владата се согласил на седницата на Комисијата за меѓунационални односи и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Мухамед Халили, Насер Зибери, Ештреф Алиу и Исмет Рамадани поднесоа амандман за нов член 26-а на кој Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман за додавање нов став 3 на овој член, со кој се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата за меѓунационални односи и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски, и Кирил Ковачевски поднесоа амандман на член 27 став 2, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандман за внесување нов член 16-а по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандмани за внесување нов член 17-а на член 10 за внесување три нови ставови по ставот 3. За внесување нов член 10-а, додавање нов член 41-а и за додавање на нов член 44-а по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Авди Муртезани поднесе амандмани на член 4 став 1 , член 16 став 3, член 27 став 2 и на член 27 за бришење на ставот 3. А пратениците Томислав Стефковски, Јордан Бошков и Стоиле Стојков поднесоа амандмани за менување на член 21 и член 34 за додавање нов став 5 по кој Владата не се произнесе.

I/4

Пратеникот Митко Анастасовски поднесе амандман за додавање два нови членови 7-а и 7-б по кој Владата не се произнесе.

""Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани за менување на член 4 за бришење на член 6, член 8 за менување на став 1 и став 3. Член 11 за додавање нов член 11-а, за додавање три нови членови 22-а, 22-б и 22-в за додавање на нов член 24-а, за менување на член 34 за додавање нов член 34-а, за бришење на членот 37 член 45-а став 4 на амандманот 1 на Владата на членот 21 и член 34 за додавање нов став 2 за додавање нов член 41-а и на член 41 за додавање нов член 41-а и на член 41 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Хисни Шаќири поднесе амандман на член 4 став 1 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани за внесување нов член 22-а за внесување нов член 22-б за менување на членот 28 и за внесување нов член 47-б по кој Владата не е произнесена.

Пратениците Петар Гошев, Михаил Пановски, Ристо Јованов, Гулистана Марковска, Ефтим Манев и Биљана Лазаревска поднесоа амандмани на член 4 , член 27 и за менување на член 34 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Владимир Митевски поднесе амандмани под број 311342/1 од 14 април 1994 година и истите се повлечени.

Пратеникот Владимир Митевски поднесе амандмани на член 4 став 1, член 12 и 13 за бришење на точката 8 член 21во новиот член 31 за додавање нов став 2 на член 21 во новиот член 33-а и на член 28 за додавање нов став 3 по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Тодор Петров и Михаил Пановски поднесоа амандман за додавање нов член 38-а по кој Владата не се произнесе.

I/5

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 5 за додавање нов став по ставот 2 член 5 за додавање нов став по ставот 3 и на член 5 за додавање два нови ставови по кои Владата не се произнесе.

Пратениците Стоиле Стојков, Душан Трпчевски поднесоа амандмани за менување на член 1, член 2, член 4 и на член 45-а за менување на ставот 1 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што го менува концептот на самиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници,

Амандманот е во функција на менување на називот на законот и според наше мислење би требало, затоа и поднесовме амандман, да гласи: "закон за избор на пратеници и претставници во единиците на локалната самоуправа". Од едноставни причини што во членот 115 и 117 од Уставот на Република Македонија терминот е претставници на граѓаните во единиците на локалната самоуправа кои се бираат непосредно, односно граѓаните ги остваруваат своите права преку непосредно, односно посредно. Затоа мислиме дека термините "одборници е од едно време минато без разлика кој како го толкува и мислам дека би требало да стои "претставници на локалната самоуправа, а не одборници".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот на амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (25 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот од истите причини што ги постави.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници,

Не сум задоволен од образложението на пратеникот на Владата по однос на овој амандман, ниту пак тој наведе некои објаснувања, зошто не ги прифаќа овие аргументи што се наведени во прилог на овој амандман. Со амандманот по членот 1 предлагам да се брише зборот "одборници" и според тој амандман законот би требало да гласи: "Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници",а не на одборници. Во прилог на овој амандман ги наведувам следните аргументи.

Прво, неприфатливо е тврдењето од страна на Владата дека . досега немала доволно време за донесување нов закон за редовна постапка и дека поради тоа тие не стигнале да понудат нов закон , затоа што со овој амандман и амандманите што следат потоа, јас инсистирам навистина да се донесе еден нов закон.

Нам ни е познато дека премиерот на македонската влада уште во пристапната беседа вети дека ќе ги понуди изборните закони. Меѓутоа откако по 10 месеци чекање премиерот се сети, тогаш беа понудени изборните закони во онаа форма во која ги разгледувавме во јуни во 199 3 година по итна постапка. Оттогаш исто помина доста време за да конечно Владата се сети да ги понуди изборните закони како што ги добивме и тоа со еден неприфатлив рок, три дена откако беше закажана седницата на Собранието на која беа закажани тие закони да бидат разгледани. Значи таквото објаснување од страна на Владата е неприфатливо според мене и Владата имаше доволно и време и простор да понуди нов текст и да раправаме во трите фази и на тој начин»да се овозможеше и јавната дискусија по овие закони што секако ќе придонесеше подобри и поприфатливи во функција на изборната демократија.

Второ, неприфатлив е предлогот на Владата за избор на одборници истиот терк што важи и за избор на пратеници. Општината согласно ставот 2 на членот 114 од Уставот се единици на локалната самоуправа според ставот 1 на членот 117 од Уставот градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа. Од таквата уставна положба општините и градот како единици на локалната самоуправа неспорно е дека нивните собранија не се органи на државната власт. Оттаму изборот на одборници1 треба да се уреди со посебен закон, а не со Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, бидејќи Собранието на Република Македонија за разлика од овие собранија на општините и градот е законодавно тело.

Владата докажува дека не е можно да се донесе посебен закон за избор на одборници, бидејќи не е донесен Законот за локална самоуправа. Напротив Владата не може изборот на одборнциите да го

решава со Законот за пратеници, бидејќи статусот на одборниците треба да се решава во согласност со уставните решенија за локалната самоуправа. Нагласувам уставните решенија кои што се сосема различни од оние за избор на пратеници. Собранијата на општините се органите на локалната самоуправа, а Собранието на Република Македонија е орган на државната власт и носител на законодавната власт што не е случај со собранието на општините. Јас повторно инсистирам Владата да ги респектира и овие аргументи што ги наведувам во прилог на амандманите, а тоа се уставниот основ за донесување на Законот за пратеници. Тој уставен основ за донесување на законот за пратеници во кој член 62 став 5 изричито стои само Закон за избор на пратеници, а не се спомнуваат одборниците тогаш Владата мора да има многу јака аргументација да каже зошто не се почитува и не се почитува овој уставен член. Тоа што министерската Силјановска го наведуваше дека она што не стои во Уставот не значи дека е неприфатливо, за мене не е доволна аргументација, затоа што знаеме дека и во Уставот не стои функцијата потпретседател и тоа Владата кога го прифати ние видовме дека Уставниот суд таквото толкување од страна на Владата не го прифати.

Понатаму повторно ќе го спомнам Уставниот закон каде стои дека Уставот се применува од денот на неговото прогласување ако за применат* на одделните негови одредби со овој уставен закон не е поинаку определено. Не само поинаку што не е определено во однос на Законот за пратеници, туку во Уставниот закон изричито стои дека треба да се донесе закон за пратеници .

**ДРАГИ АРСОВ:** (Продолжение)

Значи, тогаш ако не обврзува Уставот и тоа уставниот член од Уставниот закон, тогаш навистина пак треба да имаме една јака аргументација зошто не го почитуваме Уставот и Уставниот закон. Овде не барам само од Владата посериозен однос на ваквата уставна аргументација, туку упатувам една поголема одговорност и на Собранието и на претседателот на Собранието да го почитуваме Уставот да ги почитуваме уставните одредби затоа што како законодавно тело само можеме да го запазиме авторитетот на оваа највисоко законодавно тело.

Од тие причини инсистираме овој амандман да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете ми и јас да го изразам својот став по однос на амандманот поднесен од господинот Драги Арсов и образложението на претставникот на Владата дека не го прифаќам овој амандман од причина што се нарушува концепцијата на Законот " што го нуди Владата.

Јас ги прифаќам и едниот и другиот дека има концепција за овој закон. Дали тоа ќе биде како го предлага господинот Арсов или она како го нуди и го разбира Владата односно предлагачот на овој закон.

Ќе се обидам, покрај овие причини што ги изнесе господинот Арсов за неуставноста на овој закон да ги видам и јас моите и да видиме дали

ќе  може да остане и понатаму концепцијата на Владата за уставноста на Законот. Концепцијата на Владата ќе може да биде само за содржина на Законот што е во согласност со Уставот, а ако се однесува дека е спротивен со Уставот, тогаш немаме концепција на закон, туку имаме концепција на противуставниот. Во што се состои тоа?

Името на законот да се измени и да гласи Закон за избор на пратеници ќ одборници. Решението за овој закон е дадено декларативно во Уставот по членот 62 став 5 каде се утврдува начинот и условите за избор на пратеници се уредува со закон што се донесува. Се ќе беше овде неспорно ако Уставот односно оваа уставна одредба завршеше со точка. Тогаш навистина ќе ја разберев концепцијата на Владата. Меѓутоа продолжува "со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници", што значи дека Уставот го решил името на Законот, Уставот ја решил содржината на Законот и Уставот решил со кое мнозинство тој закон ќе се усвојува во ова Собрание. Никому од нас не дал за право да размислуваме поинаку од Уставот.

Според ова, ако го прифатиме и вториот дел од името "и одборници", тогаш го нарушуваме концептот од Уставот за Законот дека треба да се решава само за пратениците што за избор и отповикување или за избор само на одборници или претставници во локалната самоуправа, останува да се реши со Законот за локалната самоуправа, односно со статутите на единиците на локалната самоуправа. Таму ќе се предвиди бројот на претставниците и така нарешен вид на претставување директни или преку претставници. Директните се со непосреден извор или некој дел на делегирање, зависи како тоа ќе го определи Законот за локалната самоуправа.

Во оваа смисла ако остане оваа концепција што ја дава Владата замислете господа што ќе направиме ако Уставниот суд дојде и во октомври се произнесе и го прогласи овој закон за неуставен а одредбата на членот 10 последниот став од Уставниот закон за спроведуваше на Уставот не задолжува Законот за избор на пратеници да се донесе најдоцна три месеци пред изборите. Овде практично кулоарно, но содржински тврдам дека имаме согласност, ќе одиме на избори есента, а дали тоа ќе биде крајот на октомври или средината на ноември тоа е апсолутно за мене неспорна положба. Меѓутоа, ако дојде до Уставниот суд да го поништи овој закон поради неуставност, тој не произведува правно дејство од моментот на донесувањето, тогаш ќе немаме закон со кој ќе одиме на изборите.

(Некој од место дофрли стариот закон).

Стариот е ставен вон снага, господине...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина ве молам не упаѓајте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Треба да го читаме целиот, тој ќе биде неуставен во тие одредби, во преодните одредби ќе остане на снага, па ќе добиеме една правна несигурност, една правна празнина, ќе имаме место за неприменување на еден закон, а другиот дел ќе стои неважност на овој закон. Тогаш се прашувам дали ни се потребни вакви ризици да поднесуваме сега кога имаме доволно време?

Најубаво ќе беше да се држиме за словото на Уставот, да немаме недоразбирање, да не стои во собраниската процедура противење на овој закон кој има исклучиво само една цел - заштита на државата. Тогаш политичките партии кои ја сакаат оваа држава немаа потреба да ја ставаат на коцка поради еден изворен закон. Овој закон практично треба

да се донесе со акламација откако претходно ќе ги решиме меѓупартиските недоразбирања пред претресот по овој закон.

Вториот дел што е битен за ова...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Водете сметка затоа што имате уште две минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе опоменете ме кога ќе имам две секунди немојте за две минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сепак да ви кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вториот дел што е битен за одлуката по овој закон барем тука треба да немаме разлики барем по однос на името. Ако не можеме да го избереме системот дали ќе биде мнозински,комбинирал или пропорционален имаме посебни партиски заговарања односно политички групации односно пратеничките групи имаат различни ставови за таа работа и се поставува прашање зошто да имаме различни мислења по името на Законот? Дали да се задоволи суетата на Владата дека ете ние сме тие што сме тука или вака или никако, па да го доведеме во прашање целиот момент на изборот или се претпоставува кога се работи исклучиво за противуставна работа да се очекува интервенција од Уставниот суд и на есен да немаме избори. Ако Владата го имала ова за цел, тогаш аферим, јас завршувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

II/5

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (28 пратеници)

28 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (26 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и за бришење на став поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

II/6

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Драги Арсов

Отворам претрес по амандманот за менување на зборовите "претставниците на собранијата", односно "претставник во Собранието со зборовите: "пратениците во Собранието" односно "пратеник во Собранието" во членовите 3, 7, 8 став 3, 10, 16, 35, 37, насловот на глава X, новите членови 66, 68 став 1, 68-а и 68-д, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи Собранието веќе не ги прифати првите амандмани, а тие се во иста функција, Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за заменување на зборовите "претставниците на собранијата", односно "претставник во Собранието" со зборовите: "пратеници во Собранието" односно "пратеник во Собранието" во членовите 3,7,8 став 3,10, 16,35,37, насловот на глава X, новите членови 66, 68 став 1,68-а и 68-д, поднесени од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот за менуваше на членот 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи амандманот го менува концептот на самиот закон, Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот е поднесен токму за да го смени концептот на законот. Меѓутоа, претставникот на Владата треба да ги каже владините аргументи зошто не го прифаќа амандманот. Сметам дека ова е еден од клучните амандмани за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници заради тоа што со него се предлага членот 4 од Предлогот на законот поднесен од страна на Владата да се менува и да гласи:

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи: "Собранието на Република Македонија го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат според мнозинскиот принцип. Одборниците на собранијата на општините и во Собранието на град Скопје се избираат според мнозинскиот принцип, а нивниот број се утврдува со статут".

Со предложениот амандман се предлага изборот на пратениците во Собранието на Република Македонија да биде според мнозинскиот принцип за вкупниот број на пратеници и истиот да се задржи на сегашниот број кој изнесува 120.

II/8

Лично сметам дека секој обид и решение за избор на пратеници според пропорционалниот принцип создава предуслови за етничко и верско хомогенизирање на граѓаните. Всушност, таков повод ни дава и Предлогот на законот за изменување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија каде изборните единици се заокружуваат врз етничка основа.

Ако тоа се дозволи при конституирањето на законодавната власт во државата сосема очигледен може да биде како контрареакција однесувањето и барањето при донесувањето на законот за подрачјата на општините во иднина за основање и заокружување на општините врз етничка основа, пред се на месните заедници како општини врз етничка основа. Ниту поголемиот број од сегашниот гарантира ефикасност во работењето на Парламентот и затоа се педлага бројот на пратениците да остане 120 како што беше до сега.

Впрочем, професионализирањето на Парламентот, зголемувањето на бројот на пратениците само ќе го оптовари буџетот на државата и ништо повеќе. Може само да ја зголеми неефикасноставо работењето на Парламентот.

Пропорционалниот принцип повторно нема да ја одрази структурата на населението по етничка основа како што беа одделни изјави на пратеници од оваа парламентарна говорница што за мене лично се несфатливи и неразбирливи што во овој период на транзиција заради лечење на детски болести се дозволува еве во овие втори повеќепартиски парламентарни избори, структурата на Собранието да биде задоволена и врз основа на барањето на одделни партии на етнички групи во Македонија за да бројот на пратениците во Собранието да се коригира во зголеман смисла на зборот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имајќи предвид дека избирачкото тело на Македонците во првите парламентарни избори беше такво што 30% од тоа избирачко тело не излегоа, а имајќи предвид какви беа и резултатите на овие дополнителни парламентарни избори во изборната единица број 103 каде што излегоа можеби околу 20% од вкупниот број запишани избирачи, лично сметам дека на парламентарните избори што претстојат, ако во структурата на избирачите кои ќе излезат на изборите од македонското избирачко тело не излезат 30 а можеби и повеќе посто до 70%, а 10:0%1 излезат од претставниците на Албанците, односно на политички- те партии ПДП и НДП во структурата на гласачите за пропорционалната листа би добиле поголем број пратеници од етничките групи во Македонија од националностите, што навистина воопшто нема, за мене лично не ја одразува структурата на населението.

Исто така лично сметам дека пропорционалните листи ќе обезбедат можност и комодитет на оние пратеници кои го изгубиле кредибилитетот пред избирачкото тело на мнозинскиот принцип да бидат вметнати и евентуално дополнително избрани во пропорционалните лис- ти за составот на пратениците на Република Македонија.

Од овие причини предлагам Собранието да го прифати пред- ложениот амандман Собранието на Република Македонија да го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат според мнозинскиот принцип, а одборниците во собранијата на општините и Собранието на градот Скоп- је да се избираат исто така според мнозинскиот принцип и нивниот број да се утврдува со статутот на општините.

Треба да го имаме предвид и фактот дека со предлогот на Владата се предлага пропорционален и мнозински систем на избор на одборници во собранијата на општините и на градот Скопје имајќи предвид дека

законот за локалната самоуправа сеуште не е донесен, а оваа одредба би наложила поставки за промена на статутите на општините и на градот Скопје.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието, господинот Киро Поповски).

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (26 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратениците Кирил Ковачевски, Томислав Стефковски и Стоиле Стојков и пратениците Петар Гошев, Михаил Пановски, Ристо Јованов, Гулистана Марковска, Ефтим Манев и Биљана Лазаревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Збор бара пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман што го поднесовме јас и колегите Стоиле Стојков и Томислав Стефковски, го поднесовме од следниве причини, за овој амандман не држи, прво уставно, ако не се

усвои, мора да се усвои за да го почитуваме Уставот. Тоа е поради следниве причини:

Амандманот се поднесува во функција на членот 62 од Уставот каде што стои дека пратениците се избираат на општи, непосредни избори со тајно гласање. Ова прилега само на мнозинскиот систем. Зборот "непосредни", ако не го почитуваме овој збор непосредни во тој случај сме против Уставот. Инаку, само ќе имаме во пропорционалниот систем списоци. Не се гласа непосредно за пратеници, туку за списоци. И, тој што е прв во тој список, за него, тој ќе добие. А, тие подоле, може да не добијат. Тоа беше прво.

Второ, од економски причини. Го оптоваруваме Буџетот уште со 20 пратеници. За ова реагира народот и е озлоеден. Големи пратенички материјални расходи во една мала сиромашна држава. Можеби десет-» мина ми рекле за ова - немојте да дозволите да се зголемуваат трошоците во нашата дражва. Дури предлагаат да се намалат трошоците. Затоа да има дури и 100, па и 80 пратеници. Но, бидејќи Уставот ограничува на 120 помалку да не може, затоа да ја држиме долната граница од 120 пратеници а не горната, 140.

Трето, тоа е многу комплициран модел. Значи, ќе се вадат математички количници, собирање, вадење, делење, множење, цела екипа ќе работи за овој модел, други изборни групи и комисии и ќе ги зголемат трошоците околу изборите многу повеќе. Многу поевтино би поминале ако го немаме овој модел.

Четврто, се бара пропорционален систем поради националностите. Така слушнавме до сега. Тоа го имаше и во печатот и секаде. Најмногу за националностите за што поголем број да влезат од националностите. Пример, ако ја земеме Швајцарија, таа е токму мултинационална држава, нашава не е, а Швајцарија е, па има неколку партии, на пример три

партии има. Што нам ни треба од толку многу партии и тоа малцински партии да влезат во нашиот Парламент? Америка исто така. И многу други. Во тоа ли се состои демократијата? Кај нас е најголема грешка што има партии на националностите. Многубројните националности што ќе бидат застапени, каква фајда ќе имаат? Пример - имаме Партија на Југословени. Па каква фајда ќе види Југославија од тие двајца членови на таа Партија на Југословени во Парламентот, дали ја задржаа Југославија? Не ја задржаа. После, имаме пратеник на Ромите, претставник. Дали ја создаде тој пратеник државата "Романистан" овде? Ништо.

Почитувани пратеници, партиите се за граѓаните, а не за националностите да партиципираат во власта. Ние знаеме, левиот блок и ПДП и НДП се бореа за граѓански Устав, граѓанска држава, но сега што станува? Ќе гласаат за спротивното.

Петто, со мнозинскиот систем се добива поголема гаранција за стабилна држава. Во спротивно, ќе бидеме, како што реков уште кога го создававме Уставот "Кула Вавилонска". Ќе се зголемат и продлабочат расправиите и кавгите, што значи ќе имаме нестабилна Влада, а со тоа и нестабилна држава.

Со пропорционалниот систем што го додаваме на мнозинскиот може ќе влезат некои националности, што се сомневам, но се тежи и да влезат некои лидери на поголеми партии, да им се гарантира на тие лидери место. Па, драги пратеници, ако земеме како што предлагаат некои пратеници од ПДП да има половина, 70 да бидат од мнозинскиот 70 од пропорционалниот систем па да влезат во Парламентот, на пример околу 60 партии, што ќе стане? Какви кавги ќе се создадат во нашиот Парламент? Па, дали ќе влеземе на овој начин во Европа, постојано што го повторуваме? Дали ќе сака таква држава Европа со 60-65 партии во Парламентот ?

III/5.-

**КИРО ПОПОВСКИ**

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека и овој амандман концепциски не одговара на Владата на РМ како предлагач на овој закон, меѓутоа тоа е суштината на политичкото дејствување. Затоа и сме во различни политички партии, имаме различни политички видувања по одредени прашања, па така и по прашањето каков изборен модел и е потребен на Република Македонија.

Во тој контекст, со овој амандман предлагаме Собранието на Република Македонија да го сочинуваат 120 пратеници избрани според мнозинскиот принцип. Инаку, лично исто така сакам да кажам би се согласил да има и 60 пратеници ова Собрание, поради познатите трошоци итн. итн., меѓутоа уставната одредба е јасна, минимум 120 пратеници. Сега, засега нема такви сили за менување на оваа уставна одредба.

Но, според членот 62 од Уставот на РМ според ставот 3 што ќе го цитирам, претходно пратеникот го цитираше ставот 2, а јас ќе го цитирам ставот 3 стои: "Пратеникот ги претставува граѓаните во Собранието а одлучува по свое уверување". Од една ваква јасна уставна одредба произлегува дека македонската држава преку составот на ова Собрание се има произнесено за изборниот модел, а тоа е мнозинскиот.

Зошто? Затоа што само преку мнозинскиот модел граѓаните се определуваат за кандидати или независни или членови на политички партии.

Во пропорционалниот модел граѓаните се определуваат пред се за политичките партии, а не за кандидатите. Значи, само пратеникот избран врз основа на мнозинскиот модел може непосредно да ги претставува

граѓаните и да одлучува по свое уверуваше, односно во интерес на граѓаните, а не пред се и над се во интерес на политичките партии. Што е случај, да речеме, при кандидирање на партиска листа за избор врз основа на пропорционалниот модел.

Оттука настојувањето да се избираат дел од пратениците врз основа на пропорционалниот модел од страна, пред се, на поедини пратеници од коалиционите партнери на СДС, Либералната партија, ПДП и Социјалистичката партија е од личен интерес. Настојувањето и на одредени самопрогласени лидери на партиите на малцинствата кои не се во ова Собрание за пропорционалниот модел и други зголемување на цензусот во полза на пропорционалниот модел е директно насочено исто така, покрај личните интереси и против стабилноста на македонската држава.

Амандманот е предложен во функција на доследна примена на уставните одредби и овозможување на период на стабилност во политичкиот натпревар за освојуваше на власта со добиен мандат од граѓаните, а не од страна на добиен мандат врз основа на малцинските уцени и закани.

Лицемерно е ако некој мисли дека врз основа на пропорционалниот модел, добивајќи едно или две пратенички места ќе може да има толкаво влијание во власта и со тоа ќе обезбеди предимство за својата националност, односно малцинството според меѓународните норми.

Прашање, на пример Србите или Власите да гиземеме дали ќе имаат претставник? Односно, да бидеме искрени и Србите, мислам на оној поголем дел, а Власите посебно се вклучени во севкупноста на културниот, политичкиот, економскиот, образовниот итн. живот на РМ. И, за мене нема да претставува никакво изненадување, тоа е дури и потребно, се надевам, на пример политичката опција на која и припаѓам да предложи Влав за кандидат, да речеме, во Крушево, Србин во

изборната единица во Куманово каде е избран пратеникот Митевски или пак друг Ром во Шуто Оризари, или Турчин, да речеме во Гостивар. Тоа е мислам иднината на Македонија и во тој однос, имајќи едно големо мнозинство на пратеници овде, тие ќе ги остваруваат своите права, а не со еден глас или со два гласа дека ќе ги остварат своите права.

(Дофрлувања од место).

Тоа е чисто лицемерие.

Па, Албанец може да кандидираме во Штип. Тоа е иднината, а не ова сега што заради уцена, да повторам, пред се од страна на партиите што велат дека ја претставуваат албанската националност, тука е ПДП I и II па НДП или третата, наводно Граѓанско либерална да бараат изборите да бидат односно цензусот да се помести на 50:50 како што велат, а таа уцена им овозможува да егзистираат партиите од коалицијата.

Амандманот е исто така во функција на поевтини избори, помалку средства,од Буџетот се издвојуваат за 120 пратеници, а кажав и уште еднаш да повторам јас сум да биде само и 60, меѓутоа уставната одредба е таа и три-четири партии што ќе примаат од Буџетот средства врз основа на освоените пратенички места отколку за 140 пратеници, значи плус оние 20 врз основа на пропорционалниот модел и, да речеме 20 или 30 партии што ќе бидат на некој начин финанси- рани од Буџетот, односно од оние пари што се слеваат во Буџетот од даночните обврзници граѓаните на РМ.

Тоа е суштината на амандманот и нормално е дека концепциски се разликува. Затоа, да повторам, сме во различни политички партии.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор бара пратеникот Гулиетана Марковска.

III/8.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, амандманот не е од техничка природа, навистина концепциски го менува законот. Меѓутоа, јас ќе зборувам во прилог на тоа зошто треба да изостане пропорционалниот модел.

Врз основа на образложенијата што ги добивме од страна на претставниците на Владата, слушнавме дека бројката 20 претставува коректив на мнозинскиот а не и избор на пропорционален модел на изборите во РМ. Меѓутоа, бројката е навистина коректив но не во смисла на добивање на оние кои се во помалите партии, етничките малцинства односно националностите и она што беше речено овде претставници на работниците, како што е тоа во земјите на Западна Европа.

Зошто го зборувам ова? Ова го образложувам од причини што прво, кај нас најголемиот број на партии во РМ се партии од граѓански тип. Со самото тоа што се од граѓански тип на ориентација, значи дека за нив националноста воопшто не е важна, односно важни се квалитетите на оној кој ги предлага и што ќе биде предложен, а не и припадноста на националноста.

Од друга страна, претставниците на работниците, не знам по кој основ би можеле да добијат во таа бројка освен ако не кажеме јавно дека математиката како егзактна наука ни наложува, со оглед на доста високиот изборен количник потребен за едно пратеничко место, овие места да ги добијат не помалите туку напротив поголемите партии. а, кои ќе бидат претставници од овие поголеми партии? Претставници од овие поголеми партии ќе бидат оние кои што можеби, и покрај тоа што до сега не сме имале такво искуство, меѓутоа можеби вака теоретски можеме да насетиме, оние луѓе кои своите имиња не сакаат да ги стават на јавна лицитација. Изборите, за жал, ќе бидат тоа. Затоа што не е секому сеедно ако некој биде предложен за пратеник и не добие, подоцна истиот тој да биде предложен за министер во Владата, до колку добие поголем

број на гласови таа партија. И токму заради тоа го одбравме овој модел за да можеме голем број на партиите кои нема да добијат места по мнозинскиот изборен модел по пропорционалниот глатко да влезат во Парламентот и на нив да можеме да сметаме евентуално и како на претставници во Владата или пак да го зголемиме со нов број на пратеници.

Мислам дека тоа е сосема јасно и дека образложението од типот - ќе добијат партиите на националностите и помалите, што би ми било драго да биде така, меѓутоа за жал мислам нема да биде така мислам дека е само едно залажување на јавноста а дека суштината се состои во тоа.

Од таа причина сметам дека амандманот треба да се изгласа и дека со тоа навистина ќе придонесеме максимално за изборите во РМ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор побара пратеникот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, излегов да се произнесам за поднесениот амандман дека го поддржувам од следните причини:

Дали Владата со овој предложен закон не ќе ги натера уште намалениот број што не излегоа на избори, што се гледа од резултатот од последното избирачко место и уште да го намали со ваквите манипулации што ги прави со овој пропорционален закон. Знаеме дека таму излегоа околу 20 или 25%. Може ли господа пратеници 25% да одлучуваат, да донесуваат закони, одлуки и други прописи на 70% неизлезени? Каде е логиката?. Тоа значи дека сите ние треба да станеме и да си одиме од тука, да размислиме и да бидеме свесни дека не можат 25% , 30% да одлучуваат и да донесуваат закони за 70%. Плашејќи се од ова, затоа Владата изгледа сака да предложи пропорционален систем, а тоа никаде го нема, со оглед на тоа, плашејќи се господата да излезат на избори непосредно пред избирачите и спортски да го поднесат изборот или не изборот, туку сакаат на овој начин да се сокријат и 20 души да дојдат на овие пратенички места незаконито, не избрани, не дадени гласови за нив, ами поднесена листа , а кој знае таа листа каква ќе биде и за кого ќе биде.

Затоа, предлагам овој закон да се измени и да се отфрли пропорционалниот систем и да остане само мнозинскиот систем. Само тој е единствениот што му одговара на македонскиот народ и да знае ако гласал за кого гласал, за која партија и кој кандидат од партијата, а не вака со врзано крпче да го бара келнерот па да плати на меанџијата.

Дали со зголемување на бројот на пратениците, а и ако станат сите професионалци, не го осиромашуваме уште повеќе овој наш народ.

IV/2.-

Зошто го оптоваруваме? Што ќе придонесат уште тие 20 пратеници за доброто на народот? Јас сметам дека е обратното, само ќе го осиромашиме народот. Ако треба нека се издвои од овој процент пратеници. Зошто го оптоваруваме со уште 20 нови пратеници?

Јас се прашувам пак, а и сакам Владата да одговори ако може од каде го исцрпи овој материјал за учество, за зголемување на процентот со уште 20 нови пратеници. Во која соседна земја тоа е сторено. Земји со големо искуство со владеење, што владееле по многу години, по стотина години и што веќе таму не им се заканува никој да ја загрози нивната националност и други работи, не се одлучуваат на такви работи, на таков пропорционален систем, а ние сме најгорохрабрите, нај големите, нај јунаците, нај сигурните, што ете ние ќе направиме што нема никој направено, а со тоа си го носиме најлошото на нашиот македонски народ. Во која соседна земја е застапен тој пропорционален систем? Дали во Албанија има застапен процент од некој пратеник од нашите 200-300 илјади? Дали во Бугарија има таков, дали во Србија има, дали во Грција има таква работа? Јас се прашувам, овие партии што бараат таква работа, да се заложат во тие нивни матеични држави да се внесе тој , па и ние потоа да го прифатиме како помлада држава, не помлада во однос на постоењето туку во структурирањето на државата, а не вака да му се наложува пропорицоналниот систем. Пропорционалниот систем, јас ви велам покрај тоа што гласачите, бирачите нема да го прифатат и од други причини. Еве на пример и со пописот и со штетачите што не влегоа на дневен ред и со другите и со стечајните работници, ќе видите колку проценти ќе ви излезат на избирачките места. Ние сами и влегуваме во живците , само ги нервираме и никогаш да донесеме една одлука или закон кој треба да ги задоволи избирачите, а не ние овде што седиме.

Затоа, предлагам да се отфрли пропорционалниот систем и да си остане мнозинскиот систем кој ќе му одговара на македонскиот народ. -

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на одреден начин сакам да му укажам на претходниот дискутант, пратеникот Мицевски дека на последните избори во Албанија се применуваше комбинираниот систем, што значи дел и пропорционални избирање на пратеници, меѓутоа, во тоа време националните малцинства во Албанија немаа право, не знам дали имаат сега, да основаат политички партии и да учествуваат со свои посебни кандидати. Припадниците на националните малцинства во Албанија учествуваа на изборите преку Демократската партија на Албанија и имаат, особено Грците, свои претставници во Парламентот.

Како еден од потписниците на овој амандман, со кој се залагаме да остане мнозинскиот систем, сакам да укажам само на еден факт, а тоа е дека како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ и моите колеги секогаш го имаме пред се националниот и државниот интерес на Република Македонија кога се работи по прашањето на претставувањето на граѓаните во овој Парламент. Без оглед на се што е кажано досега, јасно е дека и во услови на пропорционалниот систем, ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија ќе има свои претставници избрани и по тој принцип, меѓутоа ние претпочитаме дека интерес на Македонија како држава во овој момент е токму мнозинскиот систем.

Исто така, сакам да укажам на една неконсеквентност на предлогот. Имено, во случајот кога го имаме и пропорционалниот систем,

без оглед што е во делот само од 20 пратеници. Јасно е дека листата која ќе биде предложена по пропорционалниот систем, изборот по неа ќе заврши во првиот круг. Ние тврдиме по членот 62 дека изборите се слободни, демократски, вакви и такви, а изборот завршува по оваа листа по пропорционалниот систем во првиот круг. Тоа значи дека веќе имаме директно влијание на волјата и слободата на одлучувањето на граѓаните во вториот круг. Ако веќе предлагачот мислел дека може да предлага вакво решение, требало да ги види сите консеквенции, односно да се предложи гласањето евентуално во вториот круг.

Исто така, сакам да укажам на еден друг момент дека на од- реден начин имаме едно вешто враќање да речам на моделиран Општествено политички собор односно начинот на кој се бираа делегатите во тој период. Тогаш познато е како се бираат тие преку Социјалистичкиот сојуз и слично. денес имаме една модификација што ни се нуди, политичките партии , со тоа што ги ставаме граѓаните во функција тие сега да вршат избор на таа листа наместо Социјалистичкиот сојуз, како што беше во досегашниот период, со тоа што ги ставаме во игра повторно граѓаните.

Оттука, со уважување на се тоа што беше кажано од моите претходници, ценам дека во овој момент во услови на зацврстување на македонската држава неопходно е потребен само мнозинскиот систем, делот на пропорционалниот систем не е можен.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господо пратеници, Јас само би кажал неколку зборови околу овој амандман каде што се предлага избор на одборници односно по пропорционалниот систем.

IV/5.-

Овде многу се искажува страв од тој систем, како што знам што ќе се случи со Македонија ако има и таков избор на 20 пратеници односно со соодветен број на одборници по општинските собранија во локалната самоуправа, како да нешто ќе биде загрозено од интересите на македонскиот народ и овде само се зборува за македонскиот народ, а не и во целина за граѓаните на Република Македонија, зашто тие Ја сочинуваат Република Македонија. Интересна работа е заснивањето на овој амандман на еден граѓански принцип и политичките партии на националностите. Кога ќе разговараме за законот за политичките партии, тогаш ќе разговараме и за тоа што овде се заговара дека не треба или треба да постојат или дали да речеме таму каде што живеајам јас, Шутка или Шуто оризари ќе биде кандидат однезнам која партија. Од сите партии ќе има кандидат, па народот кого сака тој ќе го избере и тоа е тоа, што понатаму. Меѓутоа, да сме на чисто, мислам дека пропорционалниот систем ќе биде одраз на волјата на народот, на граѓаните, како авторитет спрема некоја партија, како таа партија во овие три четири години во Парламентот па и надвор од тоа како се однесувала за прашањето на Македонија околу нејзината независност, суверенитетот, интегритетот, економијата и сите други прашања што нормално овде се расправаат во Парламентот. заради тоа ниту една партија не се чувствува засегната дека нема да добие гласови или ќе добие многу гласови. Јас не носам некоја илузија дека малите партии ќе добијат не знам што. Најверојатно најголемите партии или големите партии ќе имаат избирачко тело, ќе имаат поголем удел во тие 20 пратеници. Меѓутоа, добро е заради тоа што според пописот или вон пописни неофицијални податоци се кажува дека има толку и толку милиони, илјади или што знам јас избирачи, население граѓани и т.н., па ова нека биде една потврда, да видиме има или нема. Ако има избирачко тело, ќе има и пратеници, нема избирачко тело, нема пратеници и тоа е тоа. Нека не плаши никого тоа. Јас мислам

добро солуција најде Владата во некој комбиниран систем, па дури можеби требаше да биде повеќе од 20 пратеници во тој пропорционален систем.

Јас ќе гласам за предлогот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, пред нас е уште еден закон кој претставува голема пречка дали ќе го пречекориме прагот на сознанието или повторно ќе останеме на она што бевме во минатото. Ова го истакнувам заради тоа што повторно преку овој закон во Република Македонија на голема врата се промовира стариот систем и стариот начин на избирање пратеници, поранешни елегати во Собранието на Република Македонија. Од една страна, сите ние што седиме овде во овој Парламент сме избрани врз база на мнозинскиот систем и броиме 120 пратеници. сега се нуди еден нов квалитет, дополнително, кој значи пропорционално уште 20 пратеници ќе треба да влезат во овој македонски Парламент.

Ги почитувам сите оние дискусии кои беа во прилог на тоа дека оваа сиромашка земја, ова стопанство кое постојано е во опаѓање, кое не може да го издржи товарот на тешката бирократија и на сето она што се случува денес во република Македонија, држи фактот дека плус 20 пратеници во ова Собрание ќе бидат голем товар, но сепак мислам и уверен сум дека тоа нема да биде најголемиот товар, но најголем товар и преседан што се прави во ова Собрание и што го прави оваа Влада на Република Македонија, конкретно овде министерот Туше Гошев кој е предлагач на законот, пропорционалниот систем,дополнително со 20-те одборници има една голема опасност. Овде пратеникот Тодор Петров претходно кажа, не знам колку од овие пратеници во овој македонски

парламент што седат дали имаат совест и дали воопшто гризи кај секој од пратениците дека со овој пропорционален систем ние всушност ќе поттикнеме едни нови етнички движења и поместувања во република Македонија. Едноставно преку оваа форма ќе ги натераме сите малцинства во Република Македонија, по пат на хомонегизација, гетоизација да се групираат во одредени делови во републиката еве конкретно земете го Скопје само со цел да добијат пратеник повеќе преку гласовите или да бидат пропорционално застапени во овој македонски парламент. Тоа е сериозна игра која и се случува на оваа држава. Треба да бидеме уште повеќе свесни заради тоа што еднаш штом го начнеме тој процес, тој ќе има незапирлив од, дури ќе имаме етнички движења и поместувања на населението по друга основа, затоа што дотичните господа кои сега седат во Парламентот овде ќе ги направат анализите како што ги направија за Законот за изборните единици, да ги групираат изборните единици по населението дали имаат или немаат албанци во одредени изборни единици и по селата и т.н., што овде вешто го предлагаат, па ќе ни се случи тоа што воопшто не треба да се случува овде во република Македонија, да извршиме вештачка хомонзација на малцинствата и етничките групи. А од друга страна. Владата, оваа мудра Влада и овој мудар министер ни нуди концепција според која македонската држава треба да биде изградена врз граѓански концепт. Како, од една страна дискутираме за граѓанска држава и граѓански концепт, а од друга страна на мала врата дури етничките групи ние ќе ги правиме националности и народи, ќе ги хомонегизираме, дури во одделни еднакви, во одделни градови и села да водат битка за да издејствуваат статус посебен во република Македонија. Ова е посебна игра која нема да има застој. Сега ќе влезе можеби на мала врата овој пропорционален дел 20 пратеници, но подоцна тоа ќе ни се случува многу поопасно и пожестоко. Од друга страна со ова им даваме на право другите политички сили во Република Македонија, на усвитените глави

IV/8.-

на одредени лидери да се заложуваат дека овој систем е добар заради нив како поединци и заради овој пропорционален дел на 20-те пратеници да можат да влезат на лесен начин во македонскиот Парламент, а тоа се е национален и државен интерес на Република Македонија. Јас не знам до каде Вие ќе одите со ваквите измислици и каде ќе Ви биде крајот? Не знам навистина. мене ова искрено да Ви кажам, ме загрижува не само како македонец не само во оваа Македонија, туку и како граѓанин како сакате,

Од друга страна, да го дополнам ова комплексно прашање. Ние макеоднците во република Македонија како гласачко тело ќе се цепиме понатаму. Тоа е факт и тука ние е судбината запечатена и постојано ќе имаме блокада не само во изборната власт туку и во ова Собрание. Ова Собрание не ќе може успешно да функционира. Ние вештачки одиме кон тоа. Исто така, јас се прашувам оваа Влада ако незнае да работи и воопшто ако веќе знае да работи само по поранешниот систем, зошто ни ги пресадувате вештачки тие работи што беа во минатото. Наместо националниот клуч што ни го нудеа порано - да биде албанец, да биде ром, па дури и женскиот пол, сега наместо тој клуч ни нудите пропорционална застапеност на уште 20 пратеници. Па тоа е срамота и на мала врата ни правите федерална држава во Република Македонија. Федерална држава, тотална федерелизација. Ова е колку очигледно, не знам, ако некој не сака да види или си стави некој превез на очите или ако има перде на очите да не види. Тоа е толку јасно и очигледно.

Исто така за потврда за мојата аргументација овде и она што сакам да го прифатам овој амандман е и тоа зошто сите овие емисари кои доаѓаат, а и нашите државници кои беа и во Албанија да речеме, на посета во Албанија постојано Сали Бериша укажува.

V/1 СЈ/ПН

**ГОРГИ КОТЕСКИ**: (Продолжение)

Постојано Сали Беришањ и му кажува дека без правата на Албанците во Македонија нема признавање на Македонија, нема било каков компромис. Па, затоа, ве молам господа, вие кога одите во Албанија зошто не ги прашате, во Албанија има 600 илјади Македонци, ни еден пратеник нема во Собранието на Албанија. Зошто нема? Тие вешто ги направија изборните закони, изборните единици, таму каде што се мнозинство Македонците не можат да го исполнат тој број и да не добијат ниту еден пратеник. И вие останувате слепи и глуви на сите овие работи. Ако тоа не ви е факт, аргумент, јас не знам до каде мислите да одите со ваквите отстапки. Ако мислите да владеете на ваков начин и наредниот пат верувајте тоа е преголема цена заради вашето владеење или еве земете лично мое да речеме. Не е во прашање овде Котески, не треба да се во прашање ниту вие, ни Туше Гошев како министер, Туше Гошев еден ден, ќе си оди, утре ќе го заменат уште не знам колку министри. Меѓутоа, останува иднината на оваа држава, која треба да се гради врз разумни рамки, врз разумни основи каде ќе победува демократијата, но не демократија по пат на поранешниот систем и поранешната федерација да ја преселуваме, да ја преместуваме во РМ. Место националните клучеви да предлага Социјалистичкиот сојуз сега на мала врата ни се нуди пропорционално. Дајте да допуштиме претседателот на државата или не знам кој тие 20 пропорционални да ги предлага од националностите, од малцинствата во РМ. Да ги предложи, да имаме едно шаренило и само една вештачка слика еве ние сме демократи во РМ имаме од сите малцинства. Не е тоа така и затоа јас го прифаќам овој амандман кој е поднесен од страна  на мојата пратеничка

V/2

група и на моите колеги. И, ве молам, почитувани пратеници, замислете се добро, стратегијата што се води во РМ од страна на одредени политички партии е многу опасна и во наредниот период ќе ни се случи уште полошо од она што денес ни се случува на овие простори.

Не само како политички партии кој денес дејствуваат врз национална основа, веќе дејствуваат и врз друга основа, за која ние им даваме полн мегдан и полно право токму со овој член 4 каде што покрај мнозинскиот се дава и шанса за пропорционалност, т.е. воведување на уште 20 пратеници во Македонскиот парламент.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-дине Котевски, и претходно ве опоменував.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Ве чув, г-дине попретседателе, благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да имаат и другите шанса да го кажат,своето мислење,..

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Имаат шанса и можност цел ден да расправаме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-динот Фаик Бади бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Овде се кажува една тотална невистина од двајца дискутанти дека се пренесува нешто што е од стариот социјалистички систем.

За тоа реков дека претседателот, претседавачот на Собранието требало тоа да го каже дали е тоа така или не е така.

Прво, да се разбереме, ние сме имале општествено - политички собор, каде што делуваа 5 партии, тие ќе заседаваат и тие ќе предлагаат кандидати за делегати, а не Социјалистички сојуз или партија. Народот не гласаше. Ние тогаш бевме присутни овде. Еве ја Џулистина, два пати по 4 години. Уште еден друг два пати по 4 години. И во тоа време тие 5 политички партии кажуваа во овој Парламент ќе има само еден дом. Тие однапред кажуваа. Без разлика колку се, дали има право или нема право. Можеби воопшто нема избирачко тело. Нека биде она што има право, колку гласале за него, толку. Значи, не Социјалистичка партија туку 5 партии и без да го прашаат народот. Сега народот ќе гласа.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, бидејќи г-динот Мисевски постави едно прашаше до Владата јас нема да должам туку само ќе му одговорам. Тој праша кој од соседните земји имаат пропорционален систем. Ја спомна Грција, таа има пропорционален систем, Бугарија има пропорционален систем, Србија има пропорционален систем, Хрватска има пропорционален систем, Словенија има мешан систем и уште Романија има пропорционален систем, а во светот во моментот многу повеќе земји имаат пропорционален систем, а помалку мнозински.

Владата не предложи мешовит систем. Владата предлага мнозински систем, 20-те пратеници се само коректив, само елементи на пропорционален систем и тоа да се разбереме не за да можат колективите да најдат место преку пропорционалниот систем, зошто тие имаат партии, туку за да може сето избирачко тело кое се уште во

Македонија не се одредило и сите над 50 партии да имаат шанса да дојдат до израз во овој Парламент. Тоа се причините.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, ние денеска расправаме за законот за изборите, меѓутоа, г-динот Котески сосема малку кажа за законот, повеќе се занимава со некои неточни работи, ми се чини дека нема посебен начин за пратеник да се занимава со неточни работи, со некои мислам авантуристички работи и т.н. Бидејќи г-динот кажа дека во Република Албанија има околу 600 илјади Албанци што не е воопшто точно според последниот попис ние знаеме дека во Република Албанија има околу 4.800. Меѓутоа, сакам да кажам уште нешто. Кога во РМ би биле толку Албанци што би останало. Јас го прашувам г-динот да одговори. Тогаш воопшто не би се разговарало Албанците да имаат претставник во Собранието туку за нешто друго, за целосна асимилација. Само во Куманово има село со 4 илјади и повеќе Албанци кои исто така немаат претставник. Дури Куманово со 50 илјади Албанци има само еден претставник. Каде се тие други гласачи, треба да знаеме.

На крај, да завршам, ние денеска не треба да разговараме за некои работи кои не придонесуваат во овој момент за доброто на овој Парламент. Ние се чини и кога зборуваме за некои закони кои воопшто немаат врска со меѓунационалните односи, некои сака да ја користи говорницата за вакви работи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас би замолил да се престане со лицитирање на бројка на Македонци во Албанија било од која страна и на Албанци во Македонија.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине јас се занимавам со точни информации. До колку некој мисли дека оваа бројка не е точна може да бара преку меѓународните комисии да се утврди, тоа не е ништо, како што ние сме барале за нашата бројка, за нашето присуство овде, колку сме и вие можете да покренете една таква иницијатива, меѓутоа, се занимаваме со некои бројки кој што за мене се астрономски, тоа не е фер.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислата токму тоа ми беше. Да расправаме за бројки овде бидејќи тоа не е во функција на законот и решенијата за кои расправаме. Но, ве молам држете се до репликата, до забелешките.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, јас не туку тоа го реков, зошто го спомнав дека не е. Вие внесете господа внатре во законот пропорционален, а еве сега, некни во Грција беа изборите и во Србија. Која политичка партија од Македонија е застапена, таму, кој пратеник е, кажете го пратеникот што е избран на пропорционалниот систем и во Србија и во Грција. Сега беа изборите. Колку имаме такви пратеници. Теорија е едно, пракса е друго господа. Тие така направија за да замаглат во јавноста, а вие само се откривате не сакате ништо да работите во интерес на Македонскиот народ, туку во интерес на некој што ќе ви наредел од озгора што е ова и како е ова. И затоа ја продаваме македонската држава. Видете како направија тие таму. пропорционален систем а таму македонец, како политичка партија таму, како во Бугарија, камо  во Грција, колку

пратеници се избрани таму и немојте да манипулирате со теории, се кажува со пракса. Нивата се работи ако одиш да ораш, а не таму да се молиш.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

немојте да ги карате. Секој си има свое мислење.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не ги карам, зошто да ги карам.

Имаше забелешки на пропорционалниот систем со социјалистички. Па тоа е г-дине комунистите, социјалистите и младината предлагаа и ќе речеа тој таму, тој таму, (реакција на пратениците во салата) чекај, чекај, молчи, и ќе му предложеа само еден со еден коњ не се оди на трка, секогаш тој ќе победи самиот. И борците исто атка предлагаа. Зашто велам не предлагаа 4 или 5 кандидати тогаш туку еден и тој ќе биде од младина, тој од борците, тој од социјалистички, тој од комунистите. Затоа велиме дека истиот ова што го предлагаме сега со пропорционалниот систем е исто.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-динот Котески бара реплика.

**ЃОРЃИ КОТЕСКИ:**

Господа јас ќе бидам краток, го жалам колегата што не си ја знае сопствената бројка или погрешно разбрал или прочитал. Јас реков дека има 600 илјади македонци во Албанија, тој кажа 600 илјади Албанци во Албанија. Добро, за жал. Ние имаме 600 илјади македонци во Албанија, 2 милиони во Бугарија, милион и пол во Грција, меѓутоа ниту еден претставник немаме од нашите Македонци. Јас како Македонец се борам

за таквите права во овој македонски парламент и тоа право никој од вас ниту ќе ми го спори ниту ќе ми госпори, а за сето она што ќе го изговорам на оваа говорница лично јас одговарам.

И да ви кажам искрено, до колку оваа теза што ја кажа г-ѓата министерка не наликува на онаа теорија секое малцинство во својата инклава. Така ќе биде со овој пропорционален дел во РМ. Не секој, во својата држава туку секое малцинство во својата енклава. Па ќе ни се случува и да знаете г-ѓа Силјановска еднаш се преселивте од вашето родно место, ако вака продолжите и со вакви закони што нудите и со вакви образложенија и од Скопје ќе се преселувате, бидете сигурни.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас госпoда не би сакал да се занимавам со овие работи а особено со луѓе кои имаат примитивно расположение и примитивно однесување на говорницата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Без навреди.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Момент, дозволете да кажам. Бидејќи г-динот Котески не сака да биде искрен за своите ставови и искажаните зборови тој изнесе некои работи кои не допринесуваат за меѓунационалните добри односи, а за борави нешто да каже што јас сега би сакал да кажам. Тој наведе дека претседателот Сал« Бериша бара од РМ да се реализираат сите барања на Албаниците и тоа го зема како  лошо, а заборавил што претставникот

на Република Бугарија во сред Скопје не сакал да потпише документ кој беше напишан на македонски јазик. Тој со тоа го негира целото македонско ткиво, македонскиот јазик и македонската нација.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам ако продолжиме вака ќе заборавиме што е предмет на расправа во Собранието. Ве молам, ќе прекинувам било чија дискусија, доколку излезе надвор од амандмантие и предложениот закон.

**ЃОРГИ КОТЕСКИ:**

Во секој случај да не ви досадам како пратеници и на јавноста, јас ваквите луѓе што се по грешка избрани ги сожалува* ги жалам, длабоко ги жалам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Без навреди.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Толку знаат, толку им делиле на трите вечери. Ако на трите вечери на некој не му дале, нема излез. Меѓутоа сакам да укажам дека моја е грешката, не се 600 илјади туку се 690 и кус илјади македонци во Албанија.

И, сакам да ве потсетам барем вас македонските пратеници во овој Парламент. Наше морално па и вечно право и свето право ќе биде да се бориме за правата на Македонците кои се во наше опкружување. Ние сме единствена земја која граничиме со Македонците. Нема друга на

Балканот. Затоа ве молам конструктивно, во тој поглед јас затоа го прифаќам амандманот што е даден од моите колеги на мојата пратеничка група. Само заради таа цел. Моите анализи и она што јас го анализирав доаѓам до такви сознанија ако имате поголеми аргументи повелете изнесете ќе ги прифатиме.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Бидејќи г-динот тврди дека во Албанија има 600 илјади Македонци.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Престанете веќе со тоа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Момент, момент, јас на г-динот му кажувам дека премногу се занимава со фантазијата. Кога фантазијата ги надминува границите тогаш станува збор за нешто друго. Тоа е сосема будалаштина. Г-дине не треба да се занимавате со такви работи, со неточни.

**КИРО ПОПОВСКИ :**

Ве молам, прекинете со дискусија. Има збор г-динот Муртезани и ќе ве молам да се придржувате кон предметот за расправа, амандманите и законот. Пошироки вакви апликации компетно ја исфрлува темата од дискусија.

V/10

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, целта на моето излегување не е дискусија, туку едно општо несогласување односно еден протест кон претседавачот што ја води седницата, навредите кои се даваат односно кои се испуштаат од разни неодговорни да речам колеги и навредите кои не одговараат и на нереалната и на другата состојба.

Јас се извинувам, меѓутоа да се дискутира за општа тема кога ние веќе разговаравме за општиот претрес 3-4 дена, се малтретиравме себе си и народот, јавноста, фактички продолжуваме и во втората амандманска фаза со истите работи и тоа не само ние пратениците, туку ова го чинат и некои одделни претставници нас Владата односно г-ѓата Силјановска.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, колку што се моите надлежности и можности сите пратеници ги опоменувам кога излегуваат надвор од рамките на расправата.

Има збор пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас се согласувам за амандманот што е поднесен и тоа исклучиво за мнозинскиот систем. Зошто не се согласувам за пропорционалниот систем. Не се согласувам од причини што сметам дека и спрема другите кандидати што дискутираа дека е застапен клучот. Овде има еден материјал извештај за студискиот престој во РМ на Делегацијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, остварен од 23-27 февруари 1994 година. Видете, како се изнесува таа парламентарна група. Што се однесува до

заштитата на правата на малцинствата, општо земено Уставот и други делови на законодавството гарантираат ниво на заштита, далеку повисоко од Европскиот просек. Ние одиме на еден принцип, повторно клуч. На пример, меѓутоа сега да не навлегуваме дали тоа ќе биде Албанец, Ром, Турчин, Влав, Србин, натаму ќе излезат и други на пример Босанец, па Бошњак, сега излегува некој нов термин и така натаму.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:** (продолжение)

Зошто не се согласувам со тој пропорционален принцип? Не се согласувам затоа што секој еден парламентарец кој ќе биде предложен како кандидат за парламентарец треба на граѓанството да му го води лицето, да го знае. Како граѓаните ќе знаат за овие 20 пратеници кои ќе бидат во Парламентот, ќе ја застапуваат македонската кауза а нема да знаат зошто се борат тие. Прво не ги знае народот кои се луѓето и со која платформа и програма ќе излезат во Парламентот. Значи народот ќе гласа за луѓе кои не може да ги види и неможе да знае Ќе ги запознае само тогаш кога ќе се отвори првата седница на Парламетот тогаш ќе ги види кои се тие 20 души. Од тој принцип сметам луѓе за кои граѓаните не знаат за кои гласаат воопшто и да не се пред- видува таков принцип.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас ќе дадам Поддршка на овој амандман и ќе дадам неколку дополнувања што од оваа говорница беа кажани меѓутоа се неиздржани.

Прво Собранието на РМ не е собор на народите на поранешна СФРЈ туку претставничко тело на граѓаните на Македонија.

Од страна на претставниците на Владата беше кажано дека или од претставникот на Владата кој и припаѓа' на Либералната партија дека е коректив за пропорционалниот систем, принцип на избор на 20 пратенички места, коректив за пополнување на бројот на Собранието со застапеноста на помалите партии. Меѓутоа, лично верувам дека самата Влада паѓа во коалиција затоа што пратениците од партијата СДС во ова Собрание, дел од нив тврдеа дека тоа претставува коректив на дополнување на пратеничкиот состав со претставници на националностите во РМ.

Лично сметам дека пропорционалниот систем воопшто не одговора за РМ. Беше истакнато дека пропорционалниот систем е поттикнат од Шведска за да партиципираат работничките партии. Меѓутоа оние кои се држат за оваа теза забораваат дека во Шведска националностите или малцинствата немаат право да основаат политички партии. Оние кои го употребуваат примерот со соседна Грција треба да не заборават дека во соседна Грција не се признаваат малцински права или права на националности. Или друго лично сметам дека воопшто е неодржлива тезата дека претставува корректив пропорционалниот систем за да се пополни вкупниот број на пратеници со претставници од околу 70-тина помали партии заради тоа што изборниот количник кој изнесува 50 до 60 илјади ретко на која од тие мали политички партии ќе им овозможи мандат на свој претставник во ова претставничко тело на граѓаните на Македонија во парламентот на РМ, единствено што ќе преставува корректив на бројката на веќе застапените политички партии од владејачката коалиција од идниот состав на Парламентот на РМ.

Друго, Владата, предлогот што го дава за пример на пропорционалниот и мнозински систем го апплицира и во општините во РМ меѓутоа заборава дека изборните единици за избор на одборници во овие општини каде националностите претставуваат мнозинство или значителен број ќе ги определуваат самите собранија на општините а тоа е увод во почетокот на етничко хомогенизирање позасилено и во овие општини заради тоа што припадниците на македонскиот народ во општини во западниот дел пред се на РМ, ниту ќе партиципираат како што е присутно и ден денес. Во собранијата на општините во западниот дел на Македонија припадниците на македонците воопшто не партиципираат, меѓутоа Владата воопшто не нашла за потребно да расправа или да понуди решенија за разрешување на овие состојби во општините во западниот дел на Македонија. Затоа лично сметам, тоа ќе биде и вовед, сите месни заедници во овие општини на етничка основа

ќе бараат да се формираат општини за да се има етнички чисти собранија. Од тие причини го поддржува предлогот Собранието на РМ да го сочинуваат 120 пратеници кои ќе се избират на мнозински принцип , а одборниците во Собранијата на општините и во Собранието на град Скопје исто така да се избираат според мнозинскиот принцип и нивниот број да биде утврден со статутите односно градот Скопје.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници јас само ќе констатирам околу постоењето на амандманот давајќи една поддршка на истиот. Јас и во општиот претрес дадов исто така пред да биде доставен амандманот до пратениците една индиректна поддршка. Во што е констатацијата?

Во самиот закон се појавува една нерамноправност на граѓаните односно пратениците. Во што е таа нерамноправност?

Прво во мнозинскиот систем во членот 64-а се дава можност на една група пратеници да може да се бираат на дополнителни избори со престанување на мандатот. За разлика од пропорционалниот систем каде во член 68 е, со престанување на мандатот на еден од пратениците на идното собрание се дополнува со наредниот што ќе биде во списокот што ќе утврди државната Комисија. Тука е поентата и нерамноправноста на граѓаните.

Исто така спротивно на уставните гаранции на човекот е член 60-г , можноста за откажуваше од пратеник во пропорционалниот систем за разлика од член 34 каде што во вториот круг, во мнозинскиот систем не му се дава можност на еден граѓанин да се откаже по сопствена желба. Што е сега разликата меѓу нерамноправноста на членот, фактички на целиот закон. Затоа во самиот закон не држи пропорционалниот модел или така наречен колективитет како ни ги престави министерката. Пропорционалниот систем е еден од најсложените изборни закони кои постојат во светот. Затоа во соседните земји каде постојат повеќе

националности се применува не поради непостоење на националностите туку постоењето на поголема група на политички партии. Но, целта на воведување на пропорционалниот систем не е за проширување на политичките партии, туку со пропорционалниот систем се воведува редуцирање на политичките партии на една групација од помалите во поголемите партии. Тоа е групацијата на пропорционалниот систем. Само Владата како ни го понуди се гледа, во брзина ни го понуди и понатаму ќе видите во законот има страшни недостатоци. Тие недостатоци во пропорционалниот систем ќе се појават во општините. Сега не го согледувате и немаме можност и време да ви докажам какви ќе бидат тие недостатоци. Тука треба малку пошироко гледање. Пропорционалниот систем е најприфатлив во сите држави. Тоа е точно и констатацијата на министерот е правична, но во целосен закон не со крпачки закон. Тоа е еден закон, сега министерот , предлагачот ни нуди тука еден колективитет од 20 члена. Тоа е во ред, но ќе видите тука некој го тангираат последиците што ќе се јават со формирање на Собранието. Таа констатација е толку јасна што ви ја дадов со членот 64-а, дополнителни избори кои постојат, мислам во глава IX точка 2 од постоечкиот закон. Ќе видите во дополнителни извори еден пратеник може да излезе, а друг во пропорционалниот систем ќе ја нема таа можност. Тука е проблемот сега- Државната комисија ќе ги определи, така пишува во член 4 што го нудите Државната комисија ќе определи кој следува да биде во пропорционалниот систем. Јас не отстапувам, и дискусиите кои беа досега повеќе тежеа да се изработи пропорционалниот систем и за мене беа неприфатливи, беа неприфатливи. Аргументите се во законот што може да се види дека еден член е контрадикторен на другиот.

Се оградувам од дискусијата на еден пратеник кој спомна еден претседател на соседна држава. Сепак претседателот на соседната држава е избран на легален начин од сопствениот народ.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да се изјаснам по овој амандман и да кажам на почетокот дека не го поддржувам од причини што она што беше изнесено како аргументи дека со овој амандман практично сакаме да се заштитиме, идниот парламент на РМ да не биде составен од обична структура туку тој да биде составен од квалитетни луѓе кои навистина ќе бидат способни да се носат со проблематиката која е присутна во работата на Парламентот.

Дискусиите и аргументите кои беа искажани не водат во таа насока. Инаку јас веднаш на почетокот сакам да кажам дека сум огромен противник за запазување на одредена структура. Никако не би се согласил основна поента да бидат застапени по структура одре- дени субјекти во парламентот. Исклучиво дава предност на квалитетот и на способност. Токму со воведувањето на ова 20 пратеници кои треба да се избираат по пропорционален систем сум убеден дека токму тоа може да се постигне односно да добиеме поголем квалитетни луѓе во Парламентот. Зошто тоа го зборувам?

Познато ни е дека РМ моментално егзистираат повеќе од 50-тина партии. Колку што ми е познато на еден состанок кој беше одржан заедно со Владата односно подготвувачите на овој закон, на измените и дополнувањата на законот за избор на пратеници со претставници на поголем број партии токму тие и тогаш бараа во новиот зан односно во измените да се воведе еден коректив односно начин за да можат помалите партии да бидат присутни во Парламентот. Мислам дека ќе бидеме реални и ќе кажеме дека на било која партија од тие 50 претседателите сепак претставуваат одредени субјекти како квалитет, како способност бидејќи се и лидери на тие партии.

Во пропорционалниот систем при еден таков голем број на партии каде една партија треба да добие најмалку 5% од гласачкото тело аз да може да добие право да делегира еден пратеник во Парламентот. Тоа значи дека е мала можноста и тие 50 партии да добијат и 5% од избирачкото тело, бидејќи 50 партии по 5% тоа е 250, а целото избирачко тело е 100%. Со оглед на тоа дека не излегуваат 100%, излегуваат помалку, значи многу помала шанса е сите тие 50 партии да добијат можност да делегираат по еден претставник во Парламентот. Значи ќе добијат оние партии кои имаат квалитетни претставници и ќе добијат мал број сепак и од тие 50-тина партии да можат да претставуваат по еден пратеник во Парламентот. Така да сето тоа што навистина сега како аргументација беше дадено дека овој Парламент сака да стане национален парламент односно Парламент на претставници на националности мислам дека навистина не држи и тоа не е добронамерно презентирано туку напротив е презентирано да се создава револт поготово кај македонското население дека одредени партии еве се залагаат од овој Парламент да направат повеќе национален парламент. Напротив треба да бидеме реални и да кажеме дека сите ние се залагаме во овој Парламент навистина да дојдат претставници кои ќе бидат спремни и способни во секој момент со својот глас да можат да дадат придонес за донесување на закони кои ќе бидат во интерес на државата, во интерес на граѓаните, кои пред се кои ќе нудат една светла перспектива една можност за развој на оваа држава. Напротив, најмалку треба да мислиме дека тука ќе го заштитиме интересот пред се на националностите.- Мислам дека и тој интерес може да биде заштитен до колку создадеме услови и амбиент, пред се економски, за да можат граѓаните да се вработуваат, да работат и да создаваат приход од кој можат да живеат подобро отколку до сега живеат. Оттука не сакам и не би дал поддршка на едни такви амандмани а пред се не давам поддршка

на аргументите кои беа искажани од страна на предлагачите дека со еден ваков принцип и со еден ваков начин на закон кој се предлага не сакаме односно се трудиме оној постојниот систем од 120 изборни единици да го задржиме .

Јас така го прифаќам овој закон на помалите партии да им дадеме можност и на демократијата во Македонија да дојдат и оние програми на партии кои на некој начин се различни од оние програми кои досега беа присутни во овој Парламент. Ако единствено така ја прифатиме целта на овој закон јас мислам дека тоа е и реалната цел, целта која е замисла и на Владата односно предлагачот на овој закон Мислам арги, емтоте кои беа дадени не треба да добијат поддршка односно не треба да бидат прифатени од пошироките народни маси како аргументи кои одат само на линија дека се залагаат одредени партии односно предлагачот ан овој закон што предлага и има за цел во Парламентот да не се што е можно повеќе претставници на националностите. Повторувам, јас не се залагам за тоа и ќе повторам мојата заложба е да се оди на начин со кој ќе можеме да добиеме што поквалитетни претставници на граѓаните на РМ во овој Парламент за да може тој парламент да биде што е можно поспособен за да донесува поквалитетни и подобри закони кои многу побрзо ќе најдат примена во практиката.

VII/1.-РД/ЉР

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, има толку нервоза околу овој амандман, само за нас албанците е едно битно. Не е битно дали ќе има мнозински систем, не е битно дали ќе има пропорционален систем, не е битен комбинираниот систем, ниту е битно дали ќе има 120 пратеници 100 пратеници или 140 пратеници. Но едно е вистина само да се демократски изборите, а вистина и факт е дека во ова Собрание има 1/3 од пратениците.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

И ова беше еден излет вон амандман,вон закони, ве молам да престанеме со такви искажувања, бидејќи предизвикуваат контра реакции, дајте за амандманот дали имате забелешки.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, гледам дека полека се сопнуваме и треба да гледаме пред нас уште колку препони имаме. Јас не сум за пропорционални избори. Јас и завчера кажав. Партијата во која е создадов и припаѓам е ВМРО. Немам против ништо, никого, и се држам на принципите на мојата партија. Не ми треба никакви национални далавери, напаѓања, да биде далеку од нас ВМРО се раководи од принципите"на Илинден.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам, немојте партиски промосии.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За тоа што треба да напоменам ако треба да има мир во ова Собрание и ако треба да има навистински Парламент треба да ги гледаме и политичките и економските состојби во државата. Од економска гледна точка господа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се однесува на никаква економска гледна состојба.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немој да ме прекинуваш, ќе зборувам и ако треба ќе ја прекинам и седницата. Амандманот како што го гледам јас оди по тоа да ја олесниме државата прво на економски план, затоа што ѕидиштата на ова Собрание повеќе ми личат на ѕидишта на плачот, отколку ѕидишта на вистински парламент. За да немаме зидишта господа на плачот , треба да тргнеме од таа гледна точка. Ако ги направиме 140 пратеници или 160 пратеници коњот не носи повеќе носи 100. Значи го оптоваруваме она што го гледаме околу нас. ж Од таа гледна точка сите партии што се во овој Парламент и Владата да не го оптоваруваме народот колку што не може да носи. Јас незнам од каде ќе се најдат пари за 140 пратеници. Треба од некаде да име извор па да ги плаќаме. А гледаме секој ден околу нас тука, секој ден работници стечајни, Славија, утре ќе излезат од Железара, другиот ден ќе излезе не знам кој и ние што направивме? Ние држиме некои конференции и ќе носиме некакви закони, а тие закони треба да бидат донесе уште пред две години. Кога господинот Анастасов или другарот Анастасов го зборуваше ова пред три години, сега ги слушам истите зборови во 1994 година. Јас не ја напаѓам Владата. Тоа се исправува. Ако Владата има згрешено тоа може да се исправи Не напаѓам личност, не напаѓам партија, не напаѓам никого. Се напаѓаме сите заеднички, затоа што одиме во провалија, затоа што народот го донесовме до питачки стап.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам немојте да правите тука промоции или симпозиуми.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нема промоции, нема симпозиуми.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За амандманот дискутирајте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Амандманот треба да се изгласа од сите политички партии и ќе ве молам за една работа. Меѓунационални односи, други држави, други раководители на држави не смееме да ги напаѓаме во овој Парламент. Секое напаѓање на друга држава се напаѓаме само себеси, затоа што со тие држави на некој начин ние граничиме и треба да живееме.

Од политичка гледна точка и од економска гледна точка јас не го прифаќам гледиштето дека треба да имаме пропорционален систем. Ако направиме сега едно прашање на народот , да го прашаме народот да видите каков одговор и албанците и македонците и ромите : сите ќе добиеме сите негативен одговор за тоа. Затоа што сите тие се оптоварени на некој начин. И немојте многу петлиња да ставаме затоа што станавме коковчиња. Четири години се расправаме и стоиме во едно место. Овие закони требаше да бидат донесени пред три години полека полека тие можеби ќе се апсорбираат и никогаш нема да се донесат. Внимавајте ние одговараме пред народот. Ние одговараме пред голотијата. Еден човек вели вака: Те молам не ми ја земај кошулата, земи го само ракавот, а ние сакаме сега да го слечиме гол Ќе ја замолам и Владата и Министерството нека го прифатат овој амандман и нека не се во еден пропорционален систем лично така братски ве молам во тој поглед. Да не го товараме народот со вонредни издатоци, зашто доста е товарен.

VII/4.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас едноставно почувствува потреба слушајќи ги новите дискусии во врска со предлогот на амандманот, во врска со аргументацијата која беше изнесена, мислам дека заклучоците врз основа на таквата аргументација што се изнесуваат зад оваа говорница се сосема контрапродуктивни од она што сакаше да се каже во врска со амандманот.

Прво, се влече тезата дека дополнувањето на пропорционалниот систем во Република Македонија наликува на некои стари времиња, дека е тоа влечење од стариот систем и дека тоа го прави актуелната Влада преку Предлогот на законот веројатно притоа ампутирајќи за некои насталгични времиња што кај некој пратеници се јавуваат. Но ако внимателно се следеше аргументацијата за ваквата теза многу побрзо ќе се најдат аргументи кај г-дата истражувачи што притоа не сакаат да го сфатат основното правило дека пропорциоанлниот систем, или во случајот дополната на пропорционалниот систем практично произлегува од основниот демократски принцип за кои и овие партии парламентарни што се застапени во Македонскиот парламент и вонпраламентарните партии целосно и жестоко се залагаа во едно поблиско минато. А тоа беше принципот еден човек, еден глас како принцип кој најблиску може да ја изрази суверeноста што ја имаат граѓаните во Република Македонија. Заблудата дека процесите на демократизацијата во РМ може да се остваруваат во светлосна брзина и притоа да се дополни со заблудата дека демократизација е само она што ние го признаваме и што сме постигнале како политички субјекти во сегашниот момент, доведува до такви апсурдни заклучоци како што беа изнесувани од оваа говорница. Ние сме пред с должни овој состав, во овој Парламент да направиме еден нужен исчекор во однос на политичката демократизација на Република Македонија. И во таа смисла е предлогот на предлагачот

на Владата. По 120 пратеници во мнозинскиот систем и 20 пратеници дополнително на пропорционалниот систем, за да реално се почне поблиску да се остварува еден човек еден глас, како механизам за пренесувањето на сувереноста на граѓаните во претставничкиот вон Република Македонија.

Мислам дека тоа е фундаменталното прашање што овој Парламент да го има при определувањето за овој амандман заили против. Делокупна друга аргументација може да се гледа од поинакви агли почнувајќи од тоа дека е тоа поскапо решение, дека е тоа одеднаш дадено решение, дека тоа ќе произведе нови етнички хомугенизации во РМ, нови етнички движења, раслојувања итн., дека таквата застапеност во Републичкиот парламент ќе предизвика нестабилна влада притоа, веднаш отворајќи ампутација дека нестабилна Влада би била лоша за РМ и дека ваквиот систем се доведува на мала врата во РМ итн. Напротив, јас мислам дека целокупната аргументација само се влече во прилог на тезата која претходно сакаме да ја застапиме во овој парламент и да извлечеме потрекпа од аргументацијата за тоа што сакаме да кажеме. Јас не мислам дека тоа ќе бидеа поскапо решение. Всушност овој Парламент уште со носење на Уставот се определи како Парламент за бројноста на Парламентот од 120 до 140 пратеници. На некој начин ние создадовме обврска уште пред три години да размислуваме во оваа сфера во која предлагачот се обидела да акцептира едно такво решение овде пред Парламентот. Всушност, самостојната на РМ со носење на Уставот и државноста навистина чини. Иако се влече аргументацијата, што самите пратеници овде ја влечат дека овој Парламент ја прави целокупната потрошувачка во РМ, притоа, отворајќи размисли дека па и овој Парламент може да го укинеме за да ни бие економската положба подобра во Републиката, ние можеме да

разговараме со часови со аргументација што се всушност чини и колаква е цената на самостојноста на Република Македонија, со голем број на институции што треба една држава да ги има внатре и со голем број на институции кои треба ова држава РМ да учествува надвор во меѓународните организации кои исто така имаат своја цена Јас дури мислам дека напротив аргументацијата дека зголемувањето на бројот на пратениците ќе се покачи и цената на вредностите, дека воопшто тоа не држи. Мислам дека подобрувањето на вкупниот статус на пратениците во идниот македонски парламент ќе донесе до поголема ефикасност во Македонскиот парламент и на тој начин поекономично работење во Македонскиот Парламент. Ако ние останеме само решението од изборниот закон и притоа овој Парламент или во наредниот состав не донесе законски решенија кои ќе го подигне на повисоко ниво на пример, на повисоко материјално ниво за пратениците во РМ, јас тврдам дека тој Парламент ќе биде далеку понефиаксен, а со тоа далеку и поскап. Барем основните економски логики го наложуваат тоа како заклучок.

Од тие причини сметам дека ваквата поткрепа и аргументација во прилог на овој амандман не држат. Поготово во смисла на аргументацијата дека тоа се прави на некој начин за пошироко остварување на застапеноста на Македонскиот Парламент на националностите во РМ.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа ти го кажа Тито Петковски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сакам да го кажам затоа што прв пат после три месец станувам, а тоа што некој петпати го кажал, г-дине Петров, а вие не сте го чуле. Јас прашувам овде отворено кој од граѓаните од РМ во изборните единици во Западна Македонија каде што гласачкото тело

се хомогенизираше на минатите избори зад една партија на кој начин тие македонски граѓани ќе бидат застапени ако не преку пропорционалниот систем. Јас тврдам и дека социјал демократскиот сојуз и парламентарната група стои на мислење, доколку се усвои ваков дополнителен пропорционален систем на пропорционалната листа од социјал демократскиот сојуз ќе има претставници од македонската националност од. Западна Македонија, доколку политиката на етничка хомунитизација продолжи во Западна >Македонија. Тие граѓани денеска се без свои претставници во Република Македонија. Единствениот начин на нивна застапеност во овој Парламент може да се оствари само преку пропорционалниот систем.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, предложениот амандман не го прифаќам. Образложението е крајно неиздржливо, побудите за такво образложение не заслужуваат никакво внимание, начинот на кој се врши образложението е до граница на примитивното.

Сакам да обрнам внимание, доколку во Парламентот почест се повторуваат тенденции на унитарна држава, тенденции на ерозивна филозофија на создавање на средновековни средини, изјавувам пред сите пратеници дека Република Македонија треба да биде многу далеку од таа филозофија, од таа потреба. Што значи тоа? Ништо друго, туку обиди за тотална изолација, обиди за тотално сиромаштво, обиди за по секоја цена да се наруши мирот, обиди да се наруши до крајни недозволиви опасни граници меѓунационалната трпеливост и доверба на граѓаните на Република Македонија т.е. тези, против- тези, опции кои им одат директно како препорачани на мрачни сили внатре во Републиката, околу нас и подалеку.

Сакам да ви обрнам внимание дека крајно неодговорно се препорачува еден национал-шовинизам, крајно неодговорно се работи на отворање на еден многу опасен терен на појавата на неофашизмот и на овие простори. Македонскиот народ тоа не го заслужува

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дискутирајте за амандманите.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

....народот треба да се штити од тоа, граѓаните на Република Македонија треба да се штитат од одговорни, демократски сили во овој

парламентарен состав. Тоа е господине претседавач во функција на духот на амандманот кој се предлага, јас од тоа не се оддалечувам, се обидувам да внесам малку повеќе сериозност и да ви укажам на опасностите кои не одговорно дефилираат на ова Собрание

Сосема на крај албанците лоши, многу лоши, крајно лоши, опасни, крајно опасни, пожелни, крајно непожелни, ви дадоа пример по завршените парламентарни избори први наречени демократски во оваа наша татковина наречена Република Македонија. 40 пратеници во Собранието на Гостивар, од вкупно 50 беа албанци....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам поправете се воословувањето на Републиката.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

....тие не сакаа да конституираат собрание без македонци 26 претставници на партијата со славната кратенка од вкупно 50, еден плус од 50 никого не го прашуваше дали треба да биде застапен никого не го зеде во obѕир, туку си го конституира собранието. Такви ерозивни мозоци овде да зборуваат за демократија е крајно несериозно и срамежливо.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам само момент да исправам еден израз кој господинот Ешреф Алиу го употреби за насловот на Републиката така наречена Македонија. Мислам дека Републиката си има назив Република Македонија и како таква треба да се употребува.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Многу се извинувам ако така сум се изразил, сфатете го како"лапсус лингве", ваљда тоа е општо познато и благодарам на опомената и исправката.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам само немојте да продолжиме со вакви начелно расправи и од една и од друга страна, ќе застанеме во место во процедурата во усвојувањето на амандманите и законот.

Господинот Петров бара процедурално.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам претседавачот начелно да реагира од неговата претседавачка позиција кога се изнесуваат невистини и лаги од оваа говорница. Ќе го цитирам излагањето на господинот пред мене Ештреф Алиу. "Доколку се поддржуваат тенденции за унитарна држава тоа е обид за тотална изолација, за сиромаштија, тоа се тези на мрачни сили, на национал-шовинизам и неофашизам". Лично ако не знае нека го прочита Уставот, Македонија е унитарна држава, а федералација преку изборниот систем не може да се наметнува и претседавачот на тоа треба да укаже. А неофашизмот и национал-шовинизмот нека од своја уста не го става во уста на овој Парламент затоа што истиот господин Ешреф Алиу тие тези од почеток до денес ги промовира во овој парламент.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не е фер, очигледно сте расположени денеска да држите придики на претседавачот, но мислам дека секој пратеник си има право да искажува свое мислење компарирајќи со одредени тези и заложби. Според тоа, никого ниту навреди,ниту на некого се осврна во дискусијата.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Не чувствувам потреба да се оправдам пред неповиканите мислам дека што јас зборувам дури сум тука и што кажувам јас сум крајно

свестен и потполно така мислам и научно е докажано тоа тоа што го кажав и на што обрнав внимание. Мислам дека претходниот господин воопшто не беше спомнат и јас не сум го избрал ниту да ме заштити ниту пак нешто да напаѓа. Да се профитира преку мене и моето име дури сум тука нема потреба и крајно е некоректно, но јас ви кажувам дека Уставот на Република Македонија сум го сфатил како еден сериозен обид да се биде граѓански. Ерозивните мозоци работеле против тоа и работат и ден денеска.

Перспективата на Република Македонија ја гледам во потполно демократско општество на свои потполно рамноправни граѓани Својата перспектива и среќа ја гледам заедно со среќата на македонецот, заслужен демократ Ешреф Алиу рамноправен со реални заслуги до кои со своите лични способности може да придонесе.

Некој што сака тенденциозно по секоја цена овде да ми докаже дека тој е оној намќор-шивач што не шие одела по вкусот и барањето на муштеријата, туку по неговиот терк, такви намќор шивач не успевале никаде во светот, туку шивачи кои шијат одела по вкусот на човекот што оди да шие одела. Му личат или не му личат тоа е негова работа. Македонија, господа е многунационална. Ова подземје овие граници перспективата на Македонија е на многу национална држава на многу конфесионална држава, на мултикултурна држава, Македонија за која некој друг сака да зборува, јас ќе се приклучат на професионален начин да придонесам, но таква Македонија унитарна со еден јазик, со еден народ можна е во други граници.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас не знам кој како го сваќа -Уставот, но Уставот утврдува дека Република Македонија е унитарна држава во која живее еден народ и во

која живеат со тој народ рамноправни претставници на другите националности, во рамноправен живот.

Давам пауза точно до 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,35 часот.)

(По паузата седницата со работа продолжи во 15,50 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски, Томислав Стефковски и Стоиле Стојков, и пратениците Петар Гошев, Михаил Пановски, Ристо Јованов, Гулистана Марковска, Ефтим Манев и Биљана Лазаревска.

Молам, кој бара збор?

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Како еден од потписниците на амандманот би сакала да кажам неколку зборови во врска со амандманот и дискусиите што се водеа околу амандманот, и околу тоа дека господинот Ештреф Алиу е вистина свесен за тоа што го зборува и тоа мене ми е многу јасно. Исто се свесни и останатите од неговата пратеничка група, и тоа ми е јасно, но јасно е дека не се свесни останатите од коалицијата кои ги поддржуваат нивните барања.

Она што сега се нарекува коректив за малите партии уште при донесувањето на Уставот беше коректив за етничките групи што не успеале да влезат во Собранието. Истото беше образложувано и од изготвувачите на Уставот, а имајќи го предвид "коррективот" како и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија го предложив амандманот заедно со други пратеници.

Заедно со овој закон е предложен и законот за измена на Законот за избирачки списоци. Според реакцијата на коалиционите партнери околу овие два закони, еден предложен "од ПДП а другиот од ВМРО-ДПМНЕ на почетокот, поголем и понагалсен отпор се даде на законот за избирачките списоци отколку на оној за измена на изборните единици со

кој закон националните малцинства, поконкретно Албанците на мала врата планираат да добијат уште 10-14 пратенички места.

А, што се однесува до неофашизмот, жално е што морам господинот Алиу да го упатам до министерот Фрчковски кој прв во Македонија промовира неофашизам во случајот на Горче Петров. Одлука- та падна на Уставен суд (реакции од страна на присутните министри), еве, дел од министрите реагираат, навистина е така, за реакција е, одлуката падна на Уставен суд како противуставна, а не заради тоа што наводно во Македонија владее неофашизам. Па, двајцата ве молам нека си го објаснат значењето на тој збор, а не од овде од оваа говорница да се дискутира за тоа. Инаку, со тоа ниту сум оптоварена ниту сум оптоварена со омраза. Јас не го мразам ниту господинот Алиу и ги почитувам сите луѓе, но не можам со огорченост да не кажам дека е жално во својата држава да доживееш некој да те нарече неофашист заради тоа што си потпишал или си поддржал амандман со кој се штитат националните интереси на државата.

Уште еднаш ќе го (реакција од страна на пратениците) барем така сметаме дека секој од оваа говорница си го искажува начинот на кој што смета дека ги штити интересите.

Образложението на амандманот е дека сметаме дека бројот на пратениците во Собранието на РМ не треба да се зголемува. Сите пратеници треба да бидат професионалци. Големината на Републиката, според населението дури налага помал број на пратеници. Нема никакво оправдување за зголемување на трошоците во Буџетот, а освен тоа, пропорционалниот систем кој во одредени случаи има извесни предности за кои што се зборуваше околу амандманот, во случај на РМ ќе ги поттикне етничките хомогенизации и ќе влијае на формирање парламент кој според својата структура ќе произведува понестабилна влада.

Не знам од каде господинот Алиу најде нова квалификација и јас како предлагач на овој амандман би сакала да реагирам и на претседавачот кој ја водеше седницата што не одреагира соодветно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници Го поддржувам овој амандман поднесен од групата пратеници поради следниве причини, меѓутоа пред да ги образложам причините мислам дека се наоѓаме во една дилема бидејќи постои една несогласност помеѓу Уставот и тоа член 62 и Предлогот на овој закон, поднесен од Владата на Република Македонија.

Во членот 62 стои:

"Пратениците се избираат на општи непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое убедување".

Тоа е во Уставот кажано во овој член. Во членот 4 односно членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

"Собранието на РМ го сочинуваат 140 пратеници од кои 120 се избираат според мнозинскиот, а 20 според пропорционалниот систем".

Во членот од Уставот каде стои дека Собранието сега може да брои од 120 до 140, никаде не стои дека треба да се избираат и по пропорционален систем. Ова го потенцирам од таму што ниту во овој понов поднесок односно Предлог на закон, ниту во воведот ниту пак во образложението немаме ништо кажано, особено не за овој начин на

пропорционалниот систем на избирање на пратеници. Мислам дека овде, кога претставникот на Владата изнесе дека не го прифаќа овој амандман поднесен од група пратеници требаше да даде и образложение затоа што ако барем нешто е во јачината на овој амандман, тоа е во времето кое до сега дискутираме за него. Најголем дел од дискутантите се за тоа дека пропорционалниот систем како таков, не треба да постои, туку само мнозинскиот систем.

Дека е тоа така би кажал и во тоа дека првите повеќепартиски слободни демократски избори во 19 90 година го покажаа тоа де- ка луѓето сакаат луѓето да гласаат за оние што им се дадени на ливчињата, а не, да речеме листовите, односно кандидатските листи од партиите што своите кандидати евентуално ако освојат повеќе од тој број на гласови, да речеме над 50 илјади дека ќе го номинираат првиот, односно над 10 0 илјади вториот, над 150 илјади третиот кандидат за иден пратеник во Собранието. Тоа малку ме потсетува на минатото каде што на луѓето друг им кажуваше кој треба да биде избран, а не народот дека одлучува.

Дека е тоа така ќе го поткрепам и со следното: Најголем дел од пратениците што седат овде беа избрани точно непосредно од граѓаните кои гласаа за нив. Имавме доста голем број познати луѓе од минатото кои луѓето не ги сакаа и за нив не гласаа. Тоа е еден доста голем мотив што мнозинскиот систем сега, во овој момент, односно во овој Предлог на закон не треба да биде поставен.

Второ, и во начелната расправа минатата недела произнесов дека во Собраниево тука имаме тројца независни пратеници кои го за- фатија местото. Значи ниту партиска припадност имаа, ниту ништо. Значи се самостојни. Тогаш, нивните гласови во првиот круг, да речеме, ако во идните избори имаат пет-шест-10 итн. и ако достигне  цифра некаде од

50 илјади гласачи пратеникот тој кому ќе го дадеме? Некој вели дека можеби еден и не е битно, меѓутоа мислам дека е тоа битно.

Затоа сметам дека пропорционалниот систем и по овој начин не е добар.

Се занесуваме во тоа дека во Македонија имаме 50 и 60 партии. Дека и малите партии треба да си го најдат своето место. Зарем во минатото најголем дел од тие партии не изгубија а добија три независни пратеници кои зад нив не стојат никакви мали партии ниту големи партии. Тие, да речеме по својата стручност, чесност во средината каде дејствуваат, работат итн. се претставуваат со своја програма или со свои идеи итн. и луѓето се избирани, односно и избрани и го претставуваат тој крај.

Овие луѓе кои ќе бидат во пропорционалниот систем кој народ или националност ќе ги претставуваат? Затоа ви велам, да не се занесуваме со тоа дека поради малите партии треба да наведеме таму дека од поедини пратенички групи кои ќе бидат првите, првиот, вториот или третиот ќе можат да влезат во Парламентот бланко без некој да ги познава нив, а ви реков дека луѓето се пребирачи, значи сакаат навистина да го изберат оној човек кој ќе ги претставува нивните интереси. Дури, забораваме тука дека оние гласачи кои не се партиски определени, да речеме не се членови на партиите, не се симпатизери на тие партии, да речеме ВМРО-ДПМНЕ, на СДС, на Либералите или било кој друг, па и на ПДП и НДП итн. тогаш тие се одлучуваат да гласаат за оној човек за кого ќе мислат дека во таа средина утре во текот на тој четиригодишен период ќе им помогне во нивните барања, проблеми итн.

Пропорционалниот систем во наши услови потсетува на некои земји каде гласаа луѓето за партиите, а не за народните пратеници. Мислам дека тоа е проблемот. Дека луѓето гласаа за поединци кои ги

познаваат во сопствената средина без разлика од која професија, од каква вера или нешто друго доаѓаат. Главно ги познаваат, имаат доверба во нив и сакаат истите да ги изберат.

Во текот на денешниот ден, односно во изминативе неколку часови многу зборови беа искажани во однос на едни, други, трети проблеми. Што да кажеме да речеме во голем дел од светот, Америка, Британија каде имаме две-три поголеми партии и тие вечито добиваат избори итн. Другите мали партии се на периферијата со децении и децении и така за нив ниту Парламентот води сметка ниту пак народот итн. Луѓето гласаат за оние партии што ќе им донесат навистина благосостојба, па без разлика дали тоа се однесува во Англија за конзерва- тивната било за либералната или некоја друга партија што се бори за власт.

Мислам дека во досегашните дискусии постоеше страв, барем некоја од поголемите партии, без разлика дали е СДС, Либералите итн. да не влезат некои, да речеме во Парламентот оваа листа што ќе ја предложат на избирачките места и ќе им дојде како бланко да влезат. Мислам дека непосредното агитирање на луѓето на теренот е најбитниот фактор во избирање на прави народни претставници во овој Парламент.

Ако беше тоа така дека, на пример во Италија како земја која до сега имаше избирање само по пропорционалниот систем, видовме дека поради разни економски малверзации, узурпации, корупција итн. поради тој пропорционален систем сега се оди кон тоа и на мнозинскиот систем, а најверојатно во иднина и пропорционалниот систем како таков воопшто ќе отпадне.

Морам да констатирам овде во едни дискусии доста беа скажани неблагопријатни зборови. Мислам дека тоа претставува една црна дамка за Македонија, Република Македонија особено за македонскиот народ. Особено што претставниците на ПДП и НДП постојано го напаѓаат

македонскиот народ дека е тој кој нив ги угушува, ги стега, не им дава просперитет, дека се врши геноцид итн. Тоа се, било изречени овде или преку гласила итн.

Јас уште еднаш ќе го изнесам мислењето од скоро неполн месец дена од Извештајот од Делегацијата на Парламентарното собрание од 23 до 27 февруари о.г. од госпоѓата Ленц Корнет и господинот Џон Камингс. Таму се вели:

"Што се однесува до заштитата на правата на малцинствата, општо земено, Уставот и други делови на законодавството гарантираат ниво на заштита далеку повисока од европскиот просек". Зарем ние ов- де вршиме неофашизам па националностите во Македонија поготово албанската националност се наоѓа погодена дека навистина така правиме?

Господа, јас би ви рекол следно дека од 1941 година во Македонија етничкиот состав рапидно се менува поготово во северозападниот дел во Македонија. Македонците од тој северозападен дел на Македонија постојано емигрира било во други делови на Македонија било надвор од Република Македонија. Поготово што тоа продолжи исто така и по формирање на своја сопствена држава и во 1945 година...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Трпчевски...

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Поготово што останувaат чисто етнички простори било тоа поради големиот наталитет, на албанското население на тој крај, било поради емиграција од Косово, од Албанија или пак доселување да речеме на други муслимански индивидуи, било од Босна, Санџак итн.

Не може да биде некој неофашист ако бега од својата земја, од својата средина. Значи, има мака. И, вчерашното утринско соопштение на Радио Скопје дека и ден денеска се продаваатземјишта, куќи, дуќани итн. во Тетово, а веројатно тоа се однесува на Тетово, Гостивар, Дебар и други.

Затоа велам дека треба да бидеме искрени во сопствените дискусии што да кажеме, да не навредиме некого или нападнеме. Или, на пример зборовите во дискусијата "будалштини", "примитивизам" итн. Јас мислам дека никој овака никого не нарече со такви изрази. Додека од оваа страна (со раката покажува на десно) тоа го префрлија за некои пратеници што се од оваа страна.

Според тоа, мислам дека заслужува внимание овој амандман, односно да се гласа за него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници амандманот што го поднесовме од поголем дел на пратеници кои зедоа учество по него и тоа од позиција- та сметаат дека е некорисен, со слични образложенија што ги има дадено Владата во Предлогот на законот. Поголеми новини во ништо не слушнавме. Се кажа дека пропорционалниот систем ќе придонесе малите партии да добијат свое место во Парламентот. Се кажа дека, исто така, западниот дел на Македонија, каде што македонското население е прилично во малцинство, дека и тие ќе успеат да добијат свои претставници во Парламентот.

Сепак сметам дека тоа не е вистина и најнапред нема потреба од такви размислувања дека претставник, односно од западниот дел на

Македонија каде што имаме мал број Македонци ќе биде застапен во Парламентот, дека тој пратеник ќе ги реши проблемите во Западна Македонија. Мора да сфатиме едно дека пратеникот е пратеник на Република Македонија. Тој не е пратеник на своето подрачје. Мора да се ослободиме од делегатскиот систем, дека пратеникот решава локал- ни работи. Пратеникот решава работи од интерес на Македонија.

Бидејќи овој закон, Владата останува на своето становиште да изврши предлог за изменување и дополнување, јас се прашувам зошто токму во овој дел врши? Ние, Република Македонија нема ниту еден мандат, нема четири години од кога влезе во повеќепартиски систем каде воведовме парламентарна демократија. Ние денеска зборуваме де- ка мнозинскиот систем не обезбедува демократија.

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (Продолжение)

Како може мнозинскиот систем да не обезбедува демократија , каде што партијата пратеникот свој кој го предложила за пратеник,ако не оже да добие мнозинство каква демократија ќе бараме да добие тој свое место со свој пратеник со мал број на бирачи. Малите партии нема да добијат никогаш, затоа што тие немаат такво бирачко тело, да имаат над 50 илјади бирачи кои ќе се определат за нив, а исто така самиот овој закон не им дава такво право бидејќи самиот закон е рестриктивен за малите партии во едни други одредби, до кој ќе дојдеме подоцна. Таму се вели дека партиите кои немаат 3 илјади пристапници во партијата, таа не може да учествува во изборите во Република Македонија на целото подрачје како изборна единица, туку таа ќе учествува само во една изборна единица. Какво е тоа нивно право? Дали однапред се прават некои калкулации што тие мали партии ќе бидат должни уште во предизборната активност да се припојат кон некоја партија, па да добијате некое место, ако го добијат.

Исто така, би сакал да кажам неколку зборови за дискусијата на господинот Ештреф Алију, кој прилично даде навреди како за поднесувачите така и за цела Македонија, кој што кажа, доколку се прифати еден ваков амандман, Македонија не е за демократија, дека Македонија е неофашистичка држава, па ние токму и со тој изборен систем сме овде. Дали Македонија денес, овој Парламент или оваа држава која што има и те како големо признание на надворешен план да е неофашистичка држава Сметам дека покрај тоа што Ештреф Алиу се извини за тоа што рече "така наречена македонска држава", неопходно е да се извини и за ова негово искажано мислење. Веројатно тој многу малку внимаваше што зборуваше пред оваа говорница и пред македонската јавност. Сепак, сметам  дека амандманот треба да биде

прифатен, да остане ваквата концепција во законот, бидејќи овој закон колку и да сакаме да зборуваме дека е сепак во една нормална реална постапка донесен, каде што се зборуваше каде велиме во нашето образложение дека влегува на мала врата, а јас ќе кажам дека влезе низ оџак, а не на мала врата. По овој закон зборуваме само во последна фаза, Предлог на закон, не сме зборувале ни за донесување на закон, бидејќи Предлогот за донесување на закон го усвоивме во една итна постапка без да се отвара постапка. Таков е Деловникот. Иако се симна итноста, пак се зборува само за Предлог на закон и тогаш кога зборуваше овој Парламент пред 5-6 месеци, и тогаш зборуваме само на Предлог на закон, и тоагш се предлагаа само амандамни и во тој општ претрес така заврши. Значи, една фаза прескокнавме, последна фаза разгледуваме. Ако сакаме реални избори, тој закон требаше да оди во три фази, имаше време овој Парламент и те како. Ако овој Парламент прифати законот за тутун кој брои 14 членови да оди во 3 фази, законот за избори каде што сепак власта е нешто во република Македонија, граѓаните преку овој закон непосредно го пренесуваат своето право на пратениците, и ние сакаме како нам што ни одговара овде без граѓаните да го видат тој закон, да даде и тој барем малку некој придонес, така ни одговара нам што сме овде во Парламентот, таков закон ќе донесеме и Вие мора нас да не бирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа,-уште на почетокот сакам да кажам дека сум против поднесениот амандман и ќе гласам против, но не од причини што амандманот односно решението во законот ќе ми овозможи поголем број на пратеници, како што сака некој да

шпекулира, дека тие 20% божем во Собрание од 140, каде што 120 дури ќе се избираат според мнозинскиот систем, претставува некоја опасност дури и за безбедноста на државата Македонија, зашто на крајот на краиштата, ако сакате да знаете, и јас сум во начело за ексклузивен мнозински систем и би го прифатил амандманот доколку се сведува на тоа да се измени и законот за изборни единици. Јас мислам дека 20% од пратениците кои би се избрале според пропорционалниот систем е само карикатура на комбиниран систем, инаку, во проценти тоа е некаде 14,8% што во ниедна земја која применува комбиниран систем нема толку мал број на пратеници кои се избираат според пропорционалниот модел. Инаку, доколку сакате да знаете дека не ни стало толку до тие 20 пратеници кои се избираат според пропорционалниот систем, повелете, прифатете ги амандманите кои ги имаме поднесено тука, Собранието на РМ да има 140 пратеници кои ќе се избираат исклучиво по мнозинскиот систем. Или доколку се во прашање средствата, на кои редовно се повикувате, повелете, подржете го амандманот кој е поднесен 100 пратеници да се избираат според мнозинскиот систем, а 20 според пропорционалниот, и пак ќе дојдеме до таа бројка од 120 пратеници. Длабоко сум убеден дека решението од 20% кое го нуди Владата оди токму во прилог на оваа држава и сметам дека тоа ќе биде само еден демократски декор за оваа држава, доколку седат во овие пратенички клупи и по некој Тучин, Муслиман, Ром или било кој друг и со тоа демократски ќе се легитимира оваа држава пред меѓународните институции. И тоа не треба да Ве плаши, туку напротив, треба да ве охрабрува. А ние, кој не сме макеоднци, напротив, треба длабоко да мислим што за нашите национални интереси претставува таква _варијанта и дали ние треба да ја прифатиме и ќе видите, впрочем, во исходот на гласањето како ние ќе се определиме по тоа прашање.

Поаѓајќи од тоа, сакам да ја демантирам тезата која често пати овде се изнесува, божем , Владата ете попушта пред притисоците на пратеничката група односно партијата ПДП. Не, не, напротив, и ние не сме согласни со такво решение и не прифаќаме и нема да гласам нормално.

На крајот, зошто господа се плашите од реалноста која е присутна во Македонија? Па токму пропорционалниот модел го изразува она реалното што е во една земја. Вие секогаш велите дека Македонија не е повеќе национална, а сега кога се нуди, макар и со 20 пратеници да се избира според еден модел кој ја изразува токму реалната ситуација ја>сите се плашите и се тресете пред една можност да се усвои такво решение, зошто божем Парламентот ќе претставува некоја опасност за оваа држава. Доколку Македонија навистина е така, повеќе национална, тогаш тоа е реалност и како таква треба да се прифати. Или по која логика сега со политички решенија кои ќе ги внесеме во законот ќе им забраниме на сите тие други националности да не доаѓаат до израз од-носно да немаат свои пратеници.

Толку би кажал, инаку уште еднаш ќе повторам дека јас сум и против решението дури во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас сум еден од втората група предлагачи во суштина на истиот амандман кој што е предложен од две групи на пратеници и кој што истовремено денес се разгледува.

Веднаш на почетокот сакам да кажам, со оглед на тоа што денес сите амандмани што беа предложени од страна на опозицијата беа глатко одбиени, ги повикувам пратениците од коалиционата Влада, значи кои ја подржуваат Владата, со должен респект да пристапат кон овој амандман, како и кон амандманот кој што предлага двајца пратеници да одат во вториот круг, од едноставна причина што сметам дека само на тој начин можеме со една кооперација и на заеднички начин да го усвоиме овој закон, можам да кажам и со консензус, бидејќи само на тој начин, доколку гласаат сите пратеници овде во Парламентот, можеме да гласаме за закони кои ќе бидат трајни и кои нема да се менуваат кој како ќе доаѓа на власт. Инаку, се потврди дека оваа Влада произведува закони за дневна употреба од едноставна причина. Само да го земеме законот за продажба на становите во општествена сопственост, кој неколку пати се менуваше се со цел одредена група најдиректно заинтересирани граѓани и партиципиенти во власта да ја искористат својата позиција и да дојдат со што помалку пари до по- голем стан.

Значи, предлогот мој е и уште еднаш апелирам до пратениците од Владата со должен респект да пријдат кон амандманите од опозиција та, посебно кон овие два клучни амандмани, едниот е сега, а другиот се надевам дека брзо ќе дојде на дневен ред, од проста причина што јас лично го изразувам моето чувство дека сум спремен да гласам за овој закон доколку барем еден од овие два амандмани биде прифатен и изгласан овде во Собранието. Сметам дека на тој начин може да се направи една отстапка од двете страни и да произведеме закон кој во иднина ќе биде почитуван со години.

Јас сум еден од предлагачите на овој амандман од причина што сматам дека на овој начин, како што е предложено, овие 20 пратеници

кои би се избирале по пропорционален начин на избор, ќе се изврши едно отсликувале неприродно овде во Парламентот, од- носно тие 20 пратеници што ќе дојдат нема да бидат вистински одраз на состојбите во нашата држава, од проста причина што веќе три ипол години сме сведоци на една постојана сатанизација на Парламентот од страна на јавните медиуми и како што покажа примерот со дополнителните избори македонскиот, и не само македонскиот, туку целата неалбанска популација во Македонија може да се каже дека во многу мал процент излегува да гласа и ќе бидеме соочени со ситуации кога една популациона група «е излезе 100% да гласа и ќе гласа само за една партија, а другите ќе се поделат на 50 партии и ќе излезат само 50 до 60% во најдобар случај да гласаат. Сметам дека тоа е една од причините која кажува дека овој амандман треба да се прифати.

Исто така, сметам дека вака како што е предложен овој закон претставува најдиректна повреда на Уставот на РМ од проста причина што ние кога гласавме, гласавме Устав со граѓански концепт. Ова нај- директно ги подрива темелите на граѓанскиот концепт на Уставот во нашата држава овие 20 пратеници кои би биле избрани по пропорционален модел, од проста причина што овој модел тоа го кажаа и многу пред мене дека ќе генерира етничка хомогенизираност и национален клуч дефакто ќе воведе, што сметам дека нема да делува интегративно за нашата држава.

Исто така, главна причина поради која сметам дека треба да се усвои овој амандман е тоа што овие 20 пратеници по пропорционален принцип избрани ќе генерираат крајно нестабилни влади во РМ во иднина, што од друга страна може да се види од една Италија, која беше принудена преку референдум да го менува пропорционалниот во мнозински систем, од прокина што после војната досега над 45 влади

беа сменети. Постојано при нашите објаснувања, особено претставниците на Владата кои ни го образложуваат законот и го бранат законот, постојано се поведуваат, ни кажуваат примери кои одат во прилог на тоа дека пропорционалниот е добар модел и кои држави во нашето соседство го имаат воведено. Иако госпоѓата министерка Гордана Силјановска кажа една невистина дека и во Хрватска тој модел е застапен, што не е точно, сметам дека ние треба да се поведеме по оние примери и по оние искуства со земји со кои може Македонија да се споредува. Едноставно ќе ја земам за пример една Италија која е во нашето соседство и која има такви лоши искуства со пропорционалниот модел на гласање, од проста причина што можеме да најдеме една директна релација за состојбите во нашата држава и за состојбите во Италија, од проста при- чина што во последнава година дена сме сведоци што се случува во Италија, 200 политичари се одведени во затвор, голем број индустријалци итн., односно италијанската држава се обидува на секој начин да и стави крај на мафијата. Овде во Македонија - ова тврдење сега што ќе го кажам не е мое туку е прочитано во дневниот печат - првиот човек во полицијата кога кажува дека владее мафијата, корумпираноста на јавните функционери царува, зашто сме сведоци постојано, сметам дек; мораме да останеме на 120 пратеници избрани по мнозински систем, од проста причина да застанеме на пат на сите оние корумпирани политички и јавни функционери кои го сфатија вршењето на јавната функција единствено со цел за лично богатење и за лична корист. Тие пратеници и министри може да се именуваат, но сега не е време и момент бидејќи јавноста за тоа треба да се заангажира малку повеќе.

Исто така, еден пример не е лошо да се изнесе, бидејќи госпоѓата министерка цело време ги кажуваше оние држави кои имаат пропорционален модел. Јас одам обратно, ќе кажам држави кои имаат

X/8.-

позитивни мнозински системи. Тоа беше Италија. Исто така, не е лошо да се спомне и Англија, каде на последните избори победи Конзервативната партија на Мејџер, значи ја задржа власта, но сите оние корумпирани луѓе кои беа во неговата партија и кои беа на министерските фотелји не поминаа. Автоматски иако победи Конзервативната Влада на Мејџер, тој беше принуден да состави нова Влада, од проста причина што народот ги казни сите тие корумпирани луѓе кои ја злоупотребија својата јавна министерска функција за лично богатење.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Исто така сакам да кажам дека гласајќи против овој амандман, господа пратеници, гласате за поскап парламент кој и те како ќе го оптовари буџетот на Република Македонија од проста при- чина што со Законот што се предлага и со Уставот идните пратеници ќе бидат комплетно професионалци. Значи, Буџетот ќе биде многу повеќе оптоварен отколку што е сега.

На крај, бидејќи по втор пат овде додека сум во Собранието некој ме нарекува неофашист, тоа беше министерот Фрчковски за настаните во Горче Петров, а еве и сега господинот Ешреф Алиу нас предлагачите на овој амандман не нарече дека сме неофашисти.

Јас само уште еднаш ќе го прочитам образложението што сите вие господа пратеници го имате добиено, а сега исклучиво само во интерес на јавноста. Значи, образложението од пратениците што сме го предложиле овој амандман од вторава група пратеници: Биљана Лазаревска, Ефтим Манев, Гулистана Марковска, Ристо Јованов, Петар Гошев и Михаил Пановски е следниот:

Сметаме дека бројот на пратениците во Собранието на Република Македонија не треба да се зголемува. Сите пратеници треба да бидат професионалци. Големината на Републиката според населението налага дури и помал број пратеници. Нема никакво оправдување да се зголемуваат трошоците на Буџетот. Освен тоа пропорционалниот систем кој во определени случаеви имаат извесни предности, во случајов на Република Македонија ќе ги поттикне етничките хомогенизации и ќе влијае на формирање парламент кој според својата структура ќе произведува по нестабилна Влада.

Јас го молам господинот Ешреф Алиу да излезе на говорница и да каже па да гледа неофашизам овде во ова образложение.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ешреф Алиу има реплика.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседател користам прилика, бидејќи бев прозван, инаку не осеќам потреба со определени луѓе и пратеници против демократијата да отворам дијалог. Но, очигледно овде се работи за импутирање, за една голема невистина која јас апсолутно не ја кажав. Јас не сум спомнал дека потписниците се неофашисти, туку врз основа на позицијата, филозофијата како се размислува како се разговара, како се дава образложение за предложениот амандман, скренав внимание за појава на неофашизмот. Ако некој се идентификува себеси, тоа е негов проблем, јас во тоа не влегувам апсолутно и тоа мене не ме интересира. Но, да се знае.

Друго, сакам да ви кажам, додека сум бил новинар сум побарал во Македонија Македонец кој дошол во Скопје заради некој притисок од албанец во Западна Македонија, но таков не сум нашол. А, кого го интересира вистината зошто се опустошија селата, зошто Скопје стана најголемо село, тука има луѓе стручњаци и кого го интересира ќе му се објасни.

Понатаму, грижата или активноста за тоталитарна држава без друго води кон тоа граѓаните да се двојат врз национална база. Свртев внимание дека тоа не е во интерес на Македонија и традиционо и историски таква една вистина не била присутна во овие простори, барем до Втората светска војна. Ако некој нов политичар се ангажира да развива филозофија во овие простори, во оваа Македонија, во оваа моја држава Република Македонија, оти некој мисли дека е само негова заради тоа што е само македонец, а тоа не држи, тоа не е доволно, тоа треба да се заслужи. Кој ја дели Македонија и кој работи против Македонија очигледно е јасно дека ја делат тие што одат, што грчевите се бореле Уставот да биде само национален, не им успеа, па излегоа

сите придобивки на овој Устав секаде во светот каде професионално се даваат реални вредности на предностите на Уставот со тенденција кој да биде сосема граѓански, да ги усвојат за нивна заслуга. На демократите, на социјалдемократскиот сојуз, на либералите не им остана во оваа Македонија ништо добро, никаква заслуга. Оваа Власт фактички ништо не работела, работела само опозицијата и партијата со самославна кратенка и ништо повеќе. Да ве потсетам. Господин Бадинтер си даде едно мислеше како за овој устав и мислам, доколку овој Устав бил таков/што ни го протолкува ценетиот претходен претседавач, господинот Поповски, верувам дека господинот Бадинтер не би се огласил. Па ние треба да знаеме каде се наоѓаме. Еднаш треба да сфатите дека со сосема неписмени албанци немате веќе работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Гордана Силјановска, министер во Владата.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Јас нема да речам дека господинот Пановски лаже, ќе речам дека не е добро информиран. Пратениците ова можат да го проверат.

На првите повеќепартиски избори Хрватска примени мнозински систем. На вторите примени пропорционален систем и тоа Донтов систем. Проверете го тоа па ќе видите.

Второ, поврзувањето на Италија што преминува на пропорционален систем со мафија нема никаква врска. Италија преминува на пропорционален систем од проста причина што имаше нестабилни Влади и 20%, а не 20 пратеници од составот на Италијанскиот парламент се бираат по овој систем.

XI/4.-

**УЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници. Јас морам да кажам дека не очекував ова да го слушнам од многу почитуваниот пратеник господинот Ешреф Алиу за присуство на фашизоидни елементи. Тој се огради од предлагачите, рече опозицијата. Меѓутоа, јас не гледам ни во опозицијата присутни луѓе кои се претставници на неофашизам, ниту во позицијата. Впрочем срамно би било во овој парламент да седат луѓе кои имаат такви идеи. Само заради тоа што некој мисли спротивно односно што брани еден модел кој што не е еднаков на моделот што го предлага опозицијата, не му дава за право никому, па ни на господинот Ешреф Алиу да нарекува дека има присутни на оваа страна такви елементи. Ве молам, лошо би било некој нам, на сите, а тоа повеќе пати му се случува на господинот Ешреф Алиу, ни продава демагогија во стилот на почитувањата на Уставот. Жал ми е што истиот тој Устав за кој сите си залагавме, ниту тој,

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Мене ми е сосема јасно што вие барате, но не сум во состојба тоа да ви го кажам. Вие почитувана госпоѓо не се истоветувајте со тие кои можат да ги погодат моите Зборови ако во вас нема воопшто појава ни позиција на неофашизам. Вие ќе добиете за право да ме спомнете или да се повикате на мене или да се осеќате увредена или погодена едино ако сум ве именувал со име и презиме, ако тука, сте биле и сте кажале нешто слично или ако сте оставиле можност да бидете погрешно разбрани. Тоа е ваш проблем. Неофашизмот рогови нема. Тоа е појава, за несреќа, во Европски простори веќе е присутна. Во некои земји успева. Во една држава цути, а не е далеку од нас. Во другата еден ипол милион грци не е друго него неофашизам. Бидејќи ние во Македонија немаме ни еден тенк, ни авион, со што ќе ја нападнеме Грција. Каде сте

вие воопшто? Што ми солите памет тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се договориме.

Сакам да ви кажам дека расправата што ја водиме по амандманот не е ниту замислена ниту предвидена по Деловникот различните политички погледи да ги усогласи. Не постои таква амбиција ниту во еден Деловник, ниту пак е можно некои евентуални разлики во некои погледи да бидат еднакви па да може да се мрдне од точката, да може да се мрдне од амандманот итн. Затоа Ве молам, дури невозможно е и по такво важно прашање, еве како што е неофашизмот еднакво да гледаат луѓето. Не е добро да поченеме овде сега да правиме видисекција на тоа каде може да се јави таа појава, кај кого ќе се јави итн. Пуштете ги тие работи за некоја расправа на тркалезна маса итн. Овде ние имаме работа со еден амандман кој има јасен текст и има образложение. Ве молам, понатаму да се з а- држите на тоа.

Госпоѓа Марковска бареше повторно збор.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, се извинувам што се јавувам уште еднаш. Меѓутоа, жално е што господинот рече дека јас чувствувам сигурно елементи штом сум се јавила за збор, по тоа што тој го образлагаше. Јас реков, ниту во себе, ниту верувам дека некои од мојата лева страна тоа го чувствува и не е добро во овој Парламент таквото нешто да се промовира дека е присутно како идеа, затоа што тоа не е присутно. Постои само разлика во гледиште,—а јас станав да зборувам затоа што сум потписник на еден амандман за кој всушност станува збор во расправата. Токму од тие причини, а не од некои други.

XI/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш на сите ви укажувам. Не е можно разликата во гледиштата да се отстрани. Таа ќе постои. Немојте тоа да го барате овде, туку дајте да се концентрираме на амандманот.

Има збор господинот Стојков) има деловничка интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници.

Прво мене не ми е јасно дали се расправа по еден амандман или по два амандмани затоа што согласно деловникот секој амандамн си доаѓа на ред онака како што е пристигнат во ова Собрание, затоа што сакав да земам збор како еден од предлагачите на овој амандман, тројца предлагачи стојат овде, некои работи да ги дообјасниме, а што беа изнесени од пратениците кои не го поддржуваат овој амандман. Деловничката забелешка е во следниот однос: "Согласно деловникот предлагачите имаат право да дообјаснат некои работи кои се погрешно интерпретирани или на еден друг начин се искажани. Тоа е едно. Второ, ќе го молам претседателот да ги разграничи двата амандмани и посебно да ги стави на расправа затоа што се создва една тензија, тие што се предлагачи да не добијат збор да го дообјаснат амандманот.

Друго, јас морам да кажам деловнички дека не верувам ниту јас ниту пратнеичката група на која и припаѓам дека сакаме да ја нападнеме Република Грција. Верувам дека никој од нас не ве- рува во тоа. Ако сака господинот Ешреф Алиу да ја нападне Република Грција нека повели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловничка забелешка има госпоѓата Димовска.

XI/7.-

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, сакам деловнички да интервенирам на пратеникот Ешреф Алиу.

Исто така сакам да го потсетам претседателот на Собранието дека е должен како претседавач, доколку се употребуваат неточни податоци и неуставни категории, да ги опоменува пратениците.

Пратеникот Ешреф Алиу кажа дека Скопје било најголемо село. Факт е дека во Уставот Скопје е главен град на Република Македонија и Вие не смеете како пратеник да го девалвирате градот Скопје а вие како се чувствувате како граѓанин или поинаку, тоа е ваш личен проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа е веќе надвор од деловничката одредба.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Исто така нема право пратеникот Ешреф Алиу морално право ного да обвинува во оваа парламентарна сала за неофашизам се додека самиот не се огради од неговата партија која формираше паравоени единци за етнички чистење на македонците.

**СТОЈАНА НДОВ:**

Ве молам вие содржински зборувате.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Исто така во оваа сала, бев сведок, пред пет минути вие му се заканивте на пратеникот Томислав Стојановски физички, за изнесено мислење. Тоа е исто така чист тероризам, а цело време ни држите од оваа говорница привики за демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние ќе продолжиме понатаму само ако рработиме по деловник. Ни се раѓа постепено тоа што на Собранието не смее да се дозволи. Секој кој сака да даде деловничка забелешка може да даде и

даде само господинот Стојков. Никој друг. Госпоѓица Димовска го злоупотреби тоа право овде да изнесе содржинско несогласување со некој од претходните учесници во расправата. Тоа право го немате. Ве молам тоа се однесува на секого кој така ќе настапи.

Што се однесува до забелешката на господинот Стојков, тој се јави и како еден од предлагачите ќе добие збор. Но, пред него во расправата се јавиле некои други. Тие ќе добијат збор. Така е редот овде. Не може на друг начин да се работи. Тоа е прво.

Прво за реплика се јавува пак господинот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Излегов да кажам дека никој пат закана на никого не направив. Дотичниот господин ме удостои со едно убаво име на животно со кое си играат децата. Во тоа својство јас сум бил во делегацијата на Република Македонија во Њујорк и ме сликале како такво животно симпатично, нарочито за децата за детска градинка. Јас му реков дека не е убаво, води сметка што зборуваш. Ако е тоа закана, тогаш нека биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ја прекинувам седницата. Достоинството на Парламентот го обарате.

Седницата ќе продолжи утре во 10,00 часот. (Седницата прекина со работа во 16,50 часот).